## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Триесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 декември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,27 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по 33-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Лилјана Затуроска, Горан Мисовски, Славица Грковска Лошкова, Али Ахмети, Вулнет Ахмети, Хисен Џемаили, Имер Селмани, Сулејман Рушити, Дарко Димитриевски, Фијат Цаноски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 3 - Предлог на Закон за изменување на Законот за животната средина, по скратена постапка, второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за транспорт, врски и екологија како матично работно тело и Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за транспорт, врски и екологија како матично работно тело и Законодавно правната комисија не поднесоа дополнет Предлог на Закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет Предлог на Закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на Законот, да се пријават за збор.

Благодарам.

Во име на пратеничката група на СДСМ има збор г-динот Емилијан Станковиќ, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам претседателе.

Ќе дозволите на почетокот на ова мое обраќање да кажам дека СДСМ во целост ќе ги поддржи измените и дополнувањата на Законот за животна средина.

Со оглед на фактот дека се работи за зголемување на глобата во делот на прекршоците на правните лица кои ја загадуваат животната средина, мислам дека е ова добро законско решение, но во исто време ќе ми дозволите во делот на ставот на пратеничката група на СДСМ да искажам мислење за спроведливоста во пракса и начинот на кој по усвојувањето на овој закон овие одредби ќе се применуваат во пракса.

Имено, неспорен факт е дека Владата го предлага овој закон како резултат на протестот кој граѓаните на Општината Илинден и Миладинвци го имаа во месец номеври заради тоа што Рафинеријата ОКТА во континуитет ја загадува животната средина. Всушност овој закон во целост е последица на, можам слободно да кажам, од овој аспект историски гледано најкриминалната приватизација во историјата на Република Македонија, а тоа е приватизацијата на Рафинеријата ОКТА.

Бидејќи денеска имаме чест да биде тука министерот за животна средина, се надевам дека ќе се вклучи во дебата или ќе го каже оној став што е потребен во делот на Владата односно прекршочните одредби во овој закон, се надевам дека ќе даде одговор на неколку прашања кои во суштина одамна граѓаните на Република Македонија сакаат да ги слушнат.

Имено, факт е дека протестите на граѓаните во општините Илинден и Миладиновци беше резултат на тоа што десулфуризаторот односно она што значи пречистителна станица за отпадни води апсолутно не се исполнети сите критериуми, дополнително не беше поставена од страна на грчките газди на ОКТА мониторинг станица на повеќе мерни места во Општината Илинден затоа што нивниот став остана да постават само мониторинг станица што ќе го мери присуството на сулфур диоксидот во воздухот со образложение дека немало друго загадување.

Добро е денеска што Рафинеријата ОКТА не работи, не работи заради тоа што оваа Влада на чело со ВМРО ДПМНЕ пред секоја нова година не изненадува со некои нови дилови со грчките газди на ОКТА, така беше пред предходната нова година кога беше склучен договор за порамнување од 40 милиони евра, оваа година со уште еден дил на грчките газди им е дадено директно нафта од стоковите резерви со која повторно ќе остварат екстра профит. За тоа говоревме неколку наврати затоа што сега кога цената на нафтата е помалку од 40 долари по барел, има хаварија, хаварија немаше кога светската цена изнесуваше 150 долари кога македонските граѓани го полнеа буџетот на ОКТА и Владата, меѓутоа, тоа е што е, повторно ќе кажам дека оваа Влада стално им дава бенефити на грчките газди на ОКТА, така и овој случај, сега наводно ќе враќаат нафта поквалитетна Д-4 во јануари иако во Република Македонија се уште не постои независна агенција која ќе утврдува дали вистина Рафинеријата ОКТА има капацитети да произведува поквалитетно гориво и се уште останува отворено прашањето зошто Владата не одлучи директно на бензинските пумпи на потрошувачите да им даде директно нафта од стоковите резерви, се надевам дека согласно Законот за јавна чистота нема ЈП “Комуналец” Скопје, Комунална хигиена да биде казнето заради тоа што не го собираше ѓубрето три дена бидејќи Владата не им даде нафта од стоковите резерви. Се надевам дека по вчерашната колумна на поранешниот министер за економија Стевче Јакимовски, Јавниот обвинител, согласно Уставот и законите и поранешната пракса ќе ги повика оние факти што се изнесени во колумната да ги потврди односно да утврди дали постои некаква вмешаност и конечно да се затвори таа приказна каква е улогата на поранешниот министер за

трговија, а сега премиер Никола Груевски во приватизацијата на ОКТА.

Она што е суштински важно и многу битно виза ви овој закон, да се вратам конкретно на темата, бидејќи да ја потсетиме јавноста дека во делот 3 и 4 од претходниот, предновогодишен договор Владата скандалозно констатира дека ОКТА ги завршила инвестициите за инсталирањето на тој фамозен десулфуризатор и дополнително за тоа се обврза веднаш да издаде дозвола.

Дали десулфуризаторот работи и дали е ова точно одговорот најдобро го знаат жителите на Миладиновци, одговорот е не, но мислам дека Владата е должна, поточно министерот за животна средина е должен конечно да каже кога Министерството за животна средина и просторно планирање извршило инспекција за да утврди дали во ОКТА работи сулфуризаторот...

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам колега, но законот опфаќа прекршочни одредби, па ве молам зборувајте за прекршочните одредби.

**Емилијан Станковиќ:** Дали во ОКТА функционира пречистителната станица за отпадните води и со каков капацитет и зошто ОКТА денеска одосно до денес не е затворена заради загадување на животната средина.

Конечно, бидејќи претседателот ме опомена, можеби е нервозен заради тоа што го говорам, се надевам дека ќе ме сфатите што сакам да кажам, во овој момент ОКТА не работи. Дали заради хаварија, кој знае дали ќе проработи. Ќе повторам, таа беше продадена за 32 милиони, пред претходната нова година грчките газди зедоа 40 милиони евра, па кој знае дали ќе проработи, бидејќи треба да се направат инвестици од 250 милиони евра.

Зошто сега одкатко ќе го измениме Законот за животна средина и прекршочните одредби што ќе постигнеме пост фестум кога веќе со години ОКТА ја загадува животната средина, а според наше мислење, мислам на мислењето на опозицијата Владата ја привилегира ниту Министерството за животна средина и просторно планирање не постапува согласно одредбите од Законот и во ниту еден момент не ја затвори. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи не е поднесен дополнителен Предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за животна средина.

**Минуваме на точката 4 - Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, по скратена постапка, второ и трето читање.**

Извештаите и дописот на Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и на Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и Законодавно правната комисија не поднесоа дополнет Предлог на Закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување дополнет Предлог на Закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на Законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Во име на пратеничката група на СДСМ се јави г-динот Миле Андонов, а во име на пратеничката група на ЛДП г-динот Јован Манасијевски.

Има збор г-динот Миле Андонов, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам претседателе, почитуван министер за финансии, почитувани колеги и колешки.

Јас и пратеничката група на СДСМ се согласуваме во делот на тоа дека Република Македонија треба да има многу сериозен и аналитички пристап во надминувањето на негативностите што ги чувствува реалниот сектор економијата, стопанството, услугите, угостителството и земјоделието од влијанието на светската економска финансиска криза.

За разлика од многуте теми кои Собранието ги дебатира овде на пленарни седници и по работните тела и комисии, оваа тема Предлог Законот за измени и дополнување на Законот за персонален данок од доход е од исклучително значење за граѓаните на Република Македонија како една од пакет мерките на Владата за ублажување на последиците од светската финансиска криза.

Дали овој Предлог Закон ќе придонесе за ублажување на сите овие проблеми од светската економска криза ќе мораме да го дебатираме и да го образложиме. Веднаш се поставува прашањето од каде проекција за зголемување од 14% приход во Буџетот на Република Македонија за 2009 година од персонален данок на доход. Само ќе спомнам дека е предвидено, пред да настапи кризата, зголемувае во делот на вработеноста од 4%, а велиме персоналецот ќе учествува со 14% во однос на минатата година. Овде ќе се обидам да образложам дека зафаќањето е токму од персоналниот данок од доход од земјоделие и останатите гранки и граѓани.

Оваа тема во пакет мерките на Владата за сузбивање на негативностите од кризата е насловена конкретно како пониско оданочување на земјоделците што значи дека оние што имаат добивка до 5 иљади евра со предложениот закон ќе бидат ослободени од било какво плаќање на данок односно персонален данок. Ќе бидат оданочени само оние кои ќе имаат приход кој ќе се движи во рамките на 5 иљади евра до 20

илјади евра и во тој случај тие ќе плаќаат само 400 евра персонален данок од доход. Математички ова е издржано и точно. Меѓутоа, не кореспондира со суштината за да се наслови како олеснителна мерка во корелација со веќе постоечкиот закон. Значи, овој е поригорозен.

За да го докажеме тоа ќе се обидам со неколку примери. Едно земјоделско семејство кое обработува 20 декари земја, 10 декари ќе посади со ориз, 10 декари со пипер. Секогаш го земам оризот како пример затоа што доаѓам од град каде најмногу е застапена оваа култура. Од оризот ќе има 3 илјади евра за таа година, а од индустрискиот пипер ќе земе околу 5 илјади евра. Во годината ќе има 8 илјади евра приход.

Со новиот закон кој предвидува дека 80% од трошоците во оваа категорија на земјоделци кои обработуваат 20 декари некаде 8 илјади евра приход, по некоја анализа најмногу се застапени овие семејства кои обработуваат околу 20 декари земјоделско земјиште и околу 8-10 илјади евра годишна заработувачка.

Значи, со новиот закон од овие 8 илјади евра 6.400 евра ќе бидат одбитна ставка при нумерирани трошоци и тие нема да се оданочуваат, ќе останат за оданочување само 1.600 евра. Но, овие 1.600 евра земјоделецот ќе мора да плати 10%, тоа се 160 евра или 10.000,00 денари. Ова е поголем износ на плаќање на персонален данок на доход одколку сега што плаќаат земјоделците за оваа површина на земја. Овие 10.000,00 денари визави субвенциите значи преполовување на истите, доколку истиот земјоделец ги искористи субвенциите кои му следуваат.

Ние како пратеничка група поднесовме амандмани, меѓутоа, беа одбиени. Со овие амандмани баравме сега овој закон во ваква форма и во ваква големина да не се донесе и да не се внесе токму во оваа кризна година, туку и земјоделците како категорија на стопанственици да бидат изедначени со фирмите кои ќе бидат ослободени за плаќање на данок од добивка доколку добивката не ја распределат во дивиденди односно остане и се акумулира во нивните претпријатија. Меѓутоа, амандманите не беа прифатени, остана така како што беше.

Со овој нов Предлог Закон за персонален данок на доход во споредба со веќе постоечкиот имаме и други неповолности за земјоделците. Веќе нема ослободување на земјоделец кој ќе подигне нови насади на лозје, на овоштарници или на други долгогодишни насади. Досега го имаше тоа во рок од 5 години беа ослободени од било какви плаќања даноци. Сега со овој закон не се ослободуваат ниту лица кои егзистираат односно обработуваат земјоделско земјиште во пасивните краишта каде од 6-8 категорија земјиште е застапено со повеќе од половината. Не се ослободуваат невработените евидентирани лица кои ќе се вратат на село и ќе се реактивираат односно ќе бидат вршители на земјоделска дејност во рок од 5 години, доколку успеат да го сработат.

Од тие причини за нас како пратеничка група овој закон за персонален данок од доход е неприфатлив и нема да добие поддршка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор г-динот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе, почивуван г-дине министре, почитувани колеги пратеници.

Пратеничката група на ЛДП и Нова алтернатива најљубезно ве замолува да не поддржите ваков штетен закон.

Со овој закон имаме нов удар, нов арач, нови зафаќања на голем број граѓани во Република Македонија и во голем број дејности.

Наводно, под фасадата дека се намалуваат даночните оптоварувања тука и на овој пример најексприцидно, аргументирано со факти, стои во самиот закон, всушност имаме зголемување на зафаќањата.

Впрочем, најдобар доказ за ова што се говори се проекциите на Министерството за финансии.

Како е можно господине министре да планирате зголемување на приходите по основа на персонален данок на доход од цели 14 %, во година во која нема аналитичар и во Република Македонија и надвор од Република Македонија кој вели дека ќе биде многу тешка.

Дали господине министре сте свесни за фактот дека до минатата недела преку 4 илјади луѓе беа отпуштени од работните места, а во наредните 10 дена се очекува вистинско цунами од отпуштања, денес почнува во Бучим и следат редица текситлни погони од 100, 200, 300 луѓе кои ќе ги отпуштат, на кои ќе им врачат отказни решенија до крајот на оваа година.

Грубите проценки што аналитичкиот центар на ЛДП ги направи говорат дека најмалку 10 илјади луѓе ќе бидат отпуштени до крајот на оваа година, во наредните десет дена, затоа што нема нови налози, нема нови нарачки, а ова особено се однесува за текстилниот сектор и се разбира за дел од рударскиот и металскиот сектор.

Јас навистина не знам, во ред, буџетот го планиравте и го предложивте во почетокот на ноември, можеби тогаш уште не бевте свесен и Владата не беше свесна за ефектите од економската криза. Меѓутоа, денес на 20 декември да разговараме за 14% зголемување на приходи од персонален данок на доход, кога оваа година ќе ја завршиме со 15 илјади отпуштени работници - навистина јас се трдудам да одберам збор и ќе бидам навистина воспитан, меѓутоа, навистина не е сериозно. Од каде ќе доаѓаат овие приходи господине министер, кој ќе ви плаќа персонален данок кога имаме како што кажав вистински бран на отпуштања. Целата проекција и на буџетот, а во рамките на буџетот целата приходна страна, а особено овој дел кај персоналниот данок господине министре ви е

нереален и не е срамота воопшто, како што беше и досега многу пати дискутирано, со амандман во буџетот бидејќи расправата почнува дури во среда да реагирате на приходната страна, се разбира и на расходната страна, затоа што многу полесно ќе биде господине министре сега да ј а признаете грешката отколку вака како што тргнале работите уште во март да дојдете со ребаланс во Собранието, затоа што апсолутно се нереални овие приходи, ќе нема кој да плаќа персонален данок. Кризата е навистина голема и како што велат сите анализи ќе се засилува и своето крешчендо ќе го има во текот на 2009 година.

Значи, продолжува целосното игнорирањето на кризата и дури наместо олеснување со измените на овој закон се нудат нови зафаќања. Кого ќе удрат овие нови зафаЌања на Владата? Ќе ги удрат земјоделците пред се, ќе ги удрат спортските работници, културните работници и се разбира генерално сите вработени, фирмите и нивните работодавачи.

Дозволете ми, кај земјоделците говореше аргумнетирано колегата Андонов, меѓутоа, видете ја оваа, јас би рекол, пак се трудам да одберам збор, меѓутоа, оваа безобразна финта на предлагачот. Наводно, образложението дека ова е закон што ќе им донесе олеснување на земјоделците. Истовремено, со овој закон почитувани пратеници вие укинувате неколку члениви. Сега ќе ви прочитам што укинувате вие со вашиот глас за. Значи немаме олеснување за земјоделците, туку напротив зголемување на обрвските. Со овој закон денес што го предлага Владата се укинуваат сите поволности за земјоделците кои постоеа до сега, се укинува ослободувањето доколку земјоделецот подигнува нови лозја, овоштарници и други насади за 5 години, сега се оданочува со овој закон што го предлага Владата;

-се укинува ослободувањето на земјоделците кои обавуваат земјоделска дејност во пасивните подрачја каде што 50% од земјоделскот земјиште е од 6-та до 8-ма класа. Сега тоа Владата го укинува со овој закон и тоа ќе се оданочува.

-се укинува ослободувањето на земјоделците доколку вложат средства за мелиорација и комасација, се укинува со овој закон тоа ослободување што постоеше, и ова ќе се оданочува; Има понатаму, чекајте, до пола сум само.

-се укинува ослободувањето доколку земјоделците вложат во економски згради и земјоделска опрема, сега и тоа ќе се оданочува;

-се укинува ослободувањето за лицето кое ќе се врати на земјоделска дејност, а било евидентирано како невработено лице, и тоа се укинува.

Значи нема нешто што нема да се оданочи. Зошто? Затоа што Владата на Никола Груевски мора да собере се што може да се собере да го преполни и вака големиот буџет, и потоа да видиме да го трошат на реклами, на изградба на спа-центри, за директорот на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор дуќани нови на третиот кат н а покривот на Градскиот трговски центар. Значи не е точно, лага е голема дека се ослободуваат земјоделците. Нови намети, сите поволности им се укинуваат и почитувани земјоделци, од Владата што сака да се промовира како земјоделска Влада настапуваат за вас тешки времиња, само ќе си плаќате затоа што ја гласавте оваа Влада и овие пратеници кои што сега без трунка дискусија многу лесно, со лесна рака ќе гласаат за укинување на сите овие субвенции. Ова се факти, молам било кој од пратениците на ВМРО ДПМНЕ да реплицираат, укинуваме неколку членови, сите ослободувања кои постоеја во законот до сега за земјоделците.

Меѓутоа, не се доволни земјоделците, ќе се удри на спортистите. До сега спортистите не беа оданочувани за трансферите што ги примаа, сега и тоа се оданочува. приходите од културни дејности исто така ќе се оданочуваат. Нема нешто што оваа Влада нема да оданочи. овој мегаломански буџет од 2, 7 милијрди евраморa да биде исполнет по секоја цена, макар да не останал земјоделец, спортист, културен деец, Владата мора да го наполни буџетот, тоа е врвниот приоритет, после сето останато. За кризата ќе зборува тој што ќе ја преживее.

Почитувани пратеници,

Поради овие нови деловнички одредби и скретени постапки, за жал, нема простор за поопсежна и пореална дискусија, нема простор за да ги соочиме аргументите туку во оваа демократска арена што ја избираат граЃаните. Меѓутоа, ние како опозициона партија, нашата патриотска должност да укажуваме на вашите глупави законски предлози, како што беше и оној со патриотските каси, министерот не знае сега што се тоа патриотски каси, наша должност е да укажуваме на тоа, а ваша е одговорноста со гласањето на овој закон што ќе наметнете нови давачки нови арачи, нови даноци. Ништо во Република Македонија веќе не е ослободено од плаќање данок, наспроти кампањите на Владата дека данокот се намалува и настанува растоварување на стопанството.

Ни претстои тежок период и жалам што Владата нема слух во овие услови на економска криза да се воздржи од примена на вакви ненародни мерки. Благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика министерот за финансии Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Прво, една забелешка на вокабуларот, во 7 минути беа употребени зборовите “безобразно” и “глупаво” за предлогот. Јас ега ќе се запрашам јавно пред македонската јавност кој е вокабуларот на пратеникот Манасијевски ако тој бирајќи збориви ги употреби овде тие навреди за предлозите на Владата.

Почитувани, наша законска обврска е да има средства во буџетот. Вие не можете да ни забелжувате зарди тоа што сакаме како што велите буџетот. Во буџетот треба да има плата, односно да има пари за да земете вие плата. Јас не знам како би поминале овде ако ви задоцни вам платата два дена. Не знам како би се појавиле пред пензионерите во Република Македонија ако пензиите не бидат исплатени на 2 и 3 јануари, и тоа пензиите што вие ги плаќавте во 4 - 5 групи и ги развлекувавте во неколку месеци, а ние ќе го правиме тоа и понатаму.

Јас забележав почитуван претседателе дек аполовина од дискусијата овде беше за нешто што не е предмет, ова не е закон за проекцијата на приходите од персонален данок на доход. Има денови за мегдан, ќе разговараме кога ќе биде буџетот и оттука навистина мислам дека тоа беше само една манипулација, нема да го употребувам зборот "безобразно" затоа што тоа не е во мојот вокабулар дури и кога бирам зборови.

Сега во врска со манупиллациите кои што овде беа изнесени во врска со земјоделските доходи и оданочувањата на земјоделците.

Почитуван господине Мансијевски, некои препоставени, кои што никогаш не се користеа, олеснувања како што вие кажувате за подигање на лозови насади кои што сега не можете да ги видите во новото законско решение, се интегрирани во најголемото ослободување. 100% нормирани и признати трошоци до 5000 евра приход и 80% нормирани признати трошоци над тоа. Никогаш во историјата на Република Македонија немало до тој степен ослободување на земјоделските доходи од оданочување. Тоа можете да го проверите.

Се гледа дека вие навистина немате никаков контакт со земјоделците, ниту со вистинските земјоделци, ниту со нивните претставници. Треба да ви е јасно она што го виде македонската јавност беше дека тие ја поздравија уште наредниот ден кога ги запознавеме со оваа мерка и тие стојат зад мерката.

А ова со лозовите насади, веројатно не знаете не само шро не ги оданочуваме туку за секој хектар подигнат лозов насад, овоштарник итн. Владата обезбедува 2 илјади евра субвенција. Но, вие не сте земјоделска Влада, епитетот земјоделска Влада ни го препишавте нам, ние го прифативме затоа што сакаме да се грижиме за земјоделците и сакам да кажам дека треба навистина да ја поштедите македонската јавност и македонските земјоделци од манипулации.

Законот што е предложен овдека е пред се заради услогласување со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и новиот модел на оданочување на доход во земјоделието што е во полза на земјоделците.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Јас кажав, многу внимателно ги бирав зборовите и бев нежен.

Господине министре вие да имавте доблест тука денеска во Паламентот ќе поднесевте оставка затоа што сте автор на еден ступиден глупав предлог за патриотски фискални каси кој што ви ги сруши Уставниот суд и со кој што направивте штета на државата помеѓу 5 и 8 милиони евра. Значи, не денеска тука да доаѓате и да ни предлагате друго ступидно решение, туку оставка господине министре. А читам што тука велите, го укинувате членот за сите овие ослободувања. Значи господине министре не нови приказни, не нови глупави решенија, оставка за "утката" со патриотските каси. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Гинев Јован, повелете.

**Јован Гинев**: Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, почитувани членови на Владата.

Ќе реплицирам кратко на дискусијата на господниот Манасијевски. Не ми е јасно тој со каков морал зборува за земјоделците, тој беше член на една од минатите влади кои не водеа никаква сметка за земјоделието. Не знам тој што се разбира од лозарство, од овоштарство. Мислам дека освен да шета по црвените ќилими во Парламентот и во Владата на Република Македонија, за замјоделците многу касно се сетил да мисли и да тагува. Тој многу убаво знае дека при распадот на земјоделските комбинати земјиштето на Република Македонија остана опустошено, вработените беа оставени на милост и немилост, а само да го потсетам дека во 2006 година нивната Влада одвои околу 6 милиони евра за помош на земјоделците. Денес Владата на Република Македонија одвои над 40 милиони евра субвенции за подршка на лозарството, овоштарството за репроматеријалите и за сета помош што треба да го потикне земјоделцот и неговото производсвто како и неговата егзистенција. Оваа Влада на Република Македонија даде најголема подршка на земјоделците и развојот на земјоделието во Република Македонија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Јас навистина не знам зошто пратениците на ВМРО ДПМНЕ се вака индиспонирани. Да не ве заслепува мојава портокалова кошула, случајно, да не ви створа некоја забуна?

Па господине Гинев, читате ли воопшто закони, за што примате плата? Јасно стои се укинува член 23 од даночна обврска, значи привремено се ослободува обрвзникот на земјиште на кое се подигаат нови лозја и насади, го укинувате овој член. Па зар при очи ќе на правите слепи. Па ве

молам дајте малку елеменарно воспитание и култура, па ова го предлагате во законот. Значи нови намети за земјоделието.

Инаку, господине Гинев, ако паметите во најмалку два наврати до сега сум ја пофалил оваа Влада за интезивните вложувања во земјоделието. Голема грешка на Владата во која што учествував беше што не вложуваше пари во земјоделието и гласачите со право не казнија. Добро е што го зголемивте буџетот за земјоделие, меѓутоа, вие правите повторно кула во облаците.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

**Јован Манасијевски:** Не ме прекинувајте кога искажувам позитивни работи. Ве молам за коректен третман.

**Трајко Вељаноски:** Еве, имате 5 секунди, повелете, искажете се.

**Јован Манасијевски:** Благодарам.

Ја повикувам министерката во сенка Ленче Николовска на Велија Рамковски да организира трибина со фармерите дали се задоволни од овие укинувања.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи не е поднесен дополнителен предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, приминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа 55, воздржани нема, против 9 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за персонален данок на доход.

**Минуваме на точката 5 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка (дополнет предлог, второ и трето читање)**

Дополнителниот предлог на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Збор побара господинот Николов Марјанчи и во име на пратеничката група на ЛДП и НА гопсодинот Манасијевски Јован.

Има збор господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов**: Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, почитуван министер, ова е закон во кој што Владата преточува една од своите мерки кои ги најави како одговор на економската криза која и се заканува на Република Македонија и чии што последици се повеќе и повеќе се чувствуваат кај граѓаните преку масовното губење на работните места и затворањето на фабриките.

Одлуката за измена и дополнување на Законот за данокот на добивка, како што е предложен текстот, има едно големо прашање кое што се отвора и на самиот почеток сакам на министерот да му го поставам и да одговори.

Во оценката на финансиските последици на Предлогот на законот врз буџетот и другите јавни финансиски средства стои дека намалувањето на приходите по основ на данокот од добивка во буџетот ќе изнесува господине министре 6 милијарди денари.

Во Буџетот веќе имате испланирано 10 милијарди денари, кои очекувате да ги остварите од данокот на добивка. Тоа е 60% од проекцијата што ја имате. Дали ова што го имате е напишано во предлогот за изменување и дополнување на законот е реално. Дали навистина очекувате дека оваа мерка која што ја предлагате, фирмите ќе ја искористат до таа мера, 6 милијарди денари да уплатат помалку данок на добивка во Буџетот на Република Македонија. Тоа е многу значајно прашање, затоа што 6 милијарди денари се 100 милиони евра. Како тие средства ќе ги обезбедите понатаму како приход во Буџетот на Република Македонија.

Втората работа, по однос на овој закон е таа што зошто оваа мерка не ја предложивте порано. Зошто, ако водевте една цела кампања за инвестирање во Република Македонија за привлекување на странски инвеститори, за создавање на поволности на бизнисмените, зошто не ја предложивте порано, кога имавме подобри години, кога не се очекуваше криза да се има поголеми инвестиции во Република Македонија. Зошто не ја понудивте на домашните инвеститори оваа мерка. Меѓутоа, како по обичај, кога предлагате вакви мерки, постојано има и некоја друга страна во овој ваш предлог, а тоа е, што покрај тоа што нудите дека данокот на добивка нема да го плаќаат претпријатијата доколку ја реинвестираат добивката, а не ја поделат како дивиденда, бришете многу ослободувања, кои што досега ги има претпријатијата, односно бришевте расходи, кои што претходно влеваа во даночниот биланс и претпријатијата беа ослободени од плаќање на данок на добивка и плаќаа помалку данок. А сега, ги бришете тие поволности. Веројатно, кога ќе се собере се, оние што ќе решат да не ја реивестираат добивката, да ја поделат како дивиденда, на крајот ќе се соочат со плаќање на поголем данок на добивка. Ќе спомнам само една ставка, која што досега во даночниот биланс беше ослободување за претпријатијата. Тоа е бришењето на загубите. Значи, го бришете членот 23 во кој што стои, дека загубите, деловни, финансиски и неделовни трансакции, може да се пренесуваат на товар на добивката во идните пресметковни периоди, но најмногу до три години, сметано од годината во која се искажани. И тоа во година кога се очекува најголем дел од претпријатијата да работат тешко и да остварат помала добивка, или да остварат

загуба. Вие го бришете тоа. И на овој начин, господине министре, со ваквиот закон всушност, ќе наметнете повторно дополнително оданочување на стопанските субјекти, затоа што ќе им ги намалите правата, односно ќе ја проширите даночната основа.

Она што го правите во делот на малите и средни претпријатија, односно оданочувањето кое што го воведовте на вкупниот приход од 1,5%, сега го намалувате на 1%, притоа не го бришете и не ги ставате овие претпријатија во ист третман со сите други стопански субјекти. Ако велите дека иднината на Република Македонија се мали и средни претпријатија, не можете вие да ги гушите по секоја цена во насока на тоа да им земате што повеќе пари.

Покрај одлуката за патриотските фискални сметки, за кои што зборуваше господинот Манасијевски и за која што ако има во Македонија некоја етика во водењето на функциите, треба да си поднесете навистина оставка, ви падна и одлуката со која ги оданочувате малите и средни претпријатија на вкупен приход ретроактивно. Сега им нудите парите да им ги враќате преку пребивање, а не преку тоа да им ги вратите во кеш, затоа што ним им требаат средства со кои што ќе можат да стопанисуваат. И ако целта ви е навистина во Република Македонија да има мали и средни претпријатија, престанете да им наметнувате нови давачки, како што се лиценците за алкохол, патриотските фискални сметки, оданочувањето на вкупен приход, едноставно ги уништивте. Згора на тоа, секој ден има ригорозни контроли по сите мали и средни претпријатија. Во Велес во изминативе два дена не можат да стопанисуваат претпријатијата од контроли. Замислете, ниту еден не помина без казна. Нема претпријатие каде што не влегоа даночни, трудови и пазарни инспекции, што не беше казнето од 700 евра па натаму. И замислете, било проверувано колку млеко се ставало во нес кафето. И по тој основ ги казнувате претпријатијата, само да соберете пари во Буџетот, за да може да ги трошите нерационално и за сопствена лична промоција. Така господине министер економија не се прави во државата. И верувајте, сите претпријатија се на стаклени нозе и едвај преживуваат во овие услови. Дел поради давачките што им ги наметнувате, дел поради контролите по секоја цена да бидат казнети. И кога ќе дојде време да не можат да го издржат товарот, ќе ви дојдат пред Владата, ама тогаш вие ќе велите, не сме ние виновни, Собранието го изгласа законот, како што велевте вчера за патриотските фискални сметки. Е па сега колеги внимавајте кога ќе го гласате и овој закон, повторно Владата да не ве обвини вас, дека не сте знаеле што гласате и дека вие не сте виновни за се што се прави во Република Македонија, а тие треба да ги извршуваат законите.

На крајот, да завршам. Овој закон ќе придонесе дел од фирмите да се одлучат добивката да ја реинвестираат, наместо да ја распределат како добивка. Но господине министре, ефектот ќе биде многу мал. Претпријатијата бараат сериозни мерки, за да можат да ја преживеат кризата. Се надевам дека вие како Влада нема само да ги најавувате кога во јавноста ќе се создадат тензии, дека Владата мора да преземе нешто, туку сериозно ќе размислите како Влада како да им помогнете. Без тоа, верувајте, социјалните тензии се на прагот во државата и потоа немојте да ви биде виновно ниту Собранието, ниту Европа, ниту Светот, затоа што кризата некој ја увезол во Република Македонија, бидејќи Македонија не е изолирана, како што сакате вие да ја направите, е дел од Европа, е дел од Светот и колку побрзо го сфатите тоа и посериозно си ја вршите функцијата, верувајте дека последиците од економската криза ќе бидат можеби помали и граѓаните полесно ќе ги поднесат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

И овој закон е за жал, само еден фасаден облик, обид за шминка, да се каже дека Владата нешто прави за соочување со економската криза во ситуација кога Владата за жал, целосно е збунета и навистина не знае што да прави. Меѓутоа, ако не знае што да прави, има други луѓе кои знаат што треба да се прави и треба да прашаат, било во државата, било надвор од државата. Со законот се предлагаат две измени. Едната измена делумно сакам да ја подржам, измената која што предвидува ослободување, доколку не се изврши распределба на добивката. Таа одредба е добра, меѓутоа, за жал, е само половична. Токму овие денови Сојузот на стопански комори, односно Стопанската комора на Македонија излегоа господине министре со еден целосен предлог, кој што јас би ве замолил, ако постои можност тука да ја прекинеме расправата и со амандман на Владата да го вградите и тој прелог. Тој предлог всушност се однесува на елиминирање на аномалиите кои што постојат во наводното ослободување од реинвестираната добивка. Бидејќи експлицитните примери што ги посочува Стопанската комора говорат дека за жал, ослободувањето што во воведовме во минатото на реинвестираната добивка е многу тешко остварливо и со многу проблеми. Мислам дека она што го предлагаат стопанските комори е прилично рационално и не гледам причина зошто и нивниот предлог не би бил интегриран тука, кога сега го менуваме Законот за добивка.

Мислам дека заедно со тоа решение што го предлага Стопанската комора и ова решение што го предлага Владата би имале добар солиден ефект, кој што, се разбира треба да биде подржан.

Втората промена што ја предлагате е промена во обид да си ја исчистите нечистата совест во однос на намалувањето на оданочувањето на трговските друштва кои што работат со мал обем, или таканаречените микропретпријатија, каде што

оданочувањето се врши на вкупниот приход. Вие минатата година повторно злоупотребувајќи го ова Собрание, неколку часа пред Нова Година, го прошверцувавте овој закон, со кој што се воведува, исто така, по мое длабоко убедување една неуставна обврска, без разлика дали претпријатието остварило добивка или не, тоа се оданочува со 1,5%. Значи, илјадници мали фирми, микро претпријатија во Македонија, независно дали остваруваат добивка, или загуба, Владата си го зема својот арач од 1,5% и сега се обидувате да ја замаглите ситуацијата, демек го намалувате тоа од 1,5% на 1%. Не е проблемот во процентот, проблемот е што оваа обврска што ја наметнувате прво, не е уставна и се надевам дека Уставниот суд исто така, по обжалувањето и тоа ќе ви го сруши. Не знам зошто толку ви се сипал господине министре, Уставниот суд. Имам впечаток дека само ваши одлуки и ваши закони укинува. Како што беше спомнато за ова ретроактивно важење на обврската од 2007 година, јас предлагам пред Уставниот суд да ви ја укине оваа одредба, веднаш господине претседателе, не по скратена, по итна постапка да донесе ова Собрание закон за увоз на уставни судии од Ирска, затоа што само тие имаат разбирање за овие преродбенички реформски чекори.

**Трајко Вељаноски:** Колега Манасијевски имате вие право како пратеник да поднесете таков закон, јас ќе го ставам во процедура.

**Јован Манасијевски:** Се надевам дека ќе го ставите во итна процедура, колку и да изгледа тоа смешно, меѓутоа, доколку ние продолжиме во оваа држава со овој Уставен суд, многу прекрасни проекти на Владата, за жал, ќе пропаднат. И наместо да носите такви проекти, треба да се концентрирате на изворот на овие проблеми. Значи, Уставниот суд што во континуитет ги руши вашите предлог закони и предлог одлуки. Значи, што е основниот проблем на ова оданочување, што тој е комплетно паушален, како што кажав, не зависно дали остварувате добивка или загуба, вас од Министерство за финансии и од Управата за јавни приходи ви стига решение и си плаќате 1,5%. Голем е бројот на вакви микропретпријатија во Македонија. Голем е бројот на луѓе вработени во тие претпријатија. Овие претпријатија господине министре, вршат и една социјална функција. Го гледам, тука е министерот за труд и социјална политика. Па ако вака продложите со овие нови арачи и намети, вие сите овие луѓе ќе ги вратите на контото кај министерот за труд и социјална политика. Јас не можам да сфатам дека тоа е некоја разумна политика и не можам да верувам дека тоа го посакува оваа Влада. Искрено се надевам дека не го посакува. Меѓутоа, со ваквиот напад на претпријатијата, на граѓаните од сите даночни оружја, вие всушност, во година на економска криза, покажувате комплетна одлепеност од реалната ситуација и една бездушност. Значи, одите секаде посочив, кај земјоделците, спортски работници, културни работници, сега повторно и на микропретпријатијата. Овие микропретпријатија вршат извонредно корисна улога и економска и социјална. Дајте луѓе да им помогнеме. Дајте да важат иситите принцип за нив, како што важат и за големите фирми. Само тоа се бара. Ако остварат добивка да, да се оданочат 10%, онака како што пропишува законот. Меѓутоа, не можете кога не остваруваат добивка, кога се голем дел за жал од нив на границата на работењето, вие го ставате арачот од 1,5% и сега наводно од 1%. На фирма, која што остварува вкупен приход за цела година од 3 милиони денари, вие одземате 30 илјади денари. Знаете ли што се 30 илади денари за тие фирми, планина. Ги повикувам сите пратеници кои што ќе гласаат за овој закон, сега после враќање од Собрание да одат во својата малска продавница, затоа што со овој закон сите малски продавници се погодени. И да ги прашаат тие луѓе што мислат за овој пропис.

Драги пријатели, треба да се оданочи точно се, како што вели министерот за финансии. Треба да се води даночна политика која што е неселективна, недискриминаторска и тоа со две раце го подржувам. Меѓутоа, ова е дискриминаторска политика за двете фирми ако остварат добивка се плаќа данок. За микропретпријатијата, не зависно дали се во добивка или во загуба, сечи. Тоа е дискриминација. Значи, вие господине министре со овој пропис, за жал, не ја поправате кардиналната грешка од минатата година. Очигледно, Уставниот суд ќе мора да ја поправи. Уште една многу битна работа, што се однесува, не говориме сега за економските ефекти, говориме за филозофијата со која што ќе го градиме нашето општество. Филозофијата која што се обидуваме сите да ја промовираме, освен почитуваниот социјалист Ѕинго, сите овие 18 години е да го потикнуваме духот на претприемништвото, да го градиме тој дух, да ги мотивираме луѓето да се борат, да заработуваат, вие сега ги уништувате вака. Човек што присобрал од некаде, од роднини, пријатели, некој денар, отворил мала продавница, мал бизнис, сечи го. Данок, без разлика дали остварил или не добивка. Тоа не е во ред почитувани колеги. Така не го развиваме духот на претприемиштвото. Така го уништуваме.

Драги идеолози од ВМРО-ДПМНЕ во првите редови. Полна ви е устата од конзервативната идеологија. Токму главен столб на конзервативната идеологија е да го помагате овој идеализам, ова претприемништво. Вие го уништувате.

Драги пратеници, соберете сила, немојте да го подржите овој закон. Подржуваме дискриминација, фирма, микропретпријатие што не остварило добивка, доаѓа државата. Не е битно дали остварило добивка или не, државата мора да си го земе својот дел и нека си го земе, ама ако е оправдано. Ако нема добивка е неоправдано, селективно, дискриминаторски, против филозофијата на отворено

претприемничко, капиталистичко општество за кое што верувам дека сите тука се залагате.

Послушајте го мојот совет почитувани пратеници, поминете после гласањето во вашата малска продавница, ќе видете како ќе поминете. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика министерот за финансии, господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Навистина почитувани пратеници, јас многу сериозно се однесувам во овој Парламент, но човек не знае како да се постави, кога слуша вакви дискусии. Значи, претходно, верувам сите заклучоци на господинот Манасијевски, немаат врска со земјоделците и нивните асоцијации. Сега цитираше некои барања на Стопанската комора, кои што наводно биле различно од она што го понуди Владата на Република Македонија, или нема никаков контакт со некој претставник од Стопанската комора, или погрешно ги разбира нивните пораки.

Повторно да ве потсетам на изјавите на претставниците на Стопанската комора кога беше презентирано ова решение. Го поздравија како историско решение, за неоданочување на добивката.

Господинот Манасијевски мајсторски се обидува нешто што навистина е лишување на државата од средства, оставање на пари во стопанството и во малиот и во големиот бизнис, да го претстави како катастрофа овде во овој случај.

Значи, почитувани пратеници, со решението за неоданочување на добивката што не се распеделува, всушност тоа така може да се каже во Република Македонија се укинува данокот од добивка. Значи, данок од добивка ќе се пресметува само на оние делови од добивката кои што одат за плаќање на дивиденди, па некои награди на менаџерите итн. Сето она што останало во фирмата без разлика дали се инвестира во тековната година, или се штеди, но останува во Република Македонија, нема да се оданочува. Тоа е решението.

Второ, господинот Манасијевски покажа непознавање на континуитетот на законите, оданочувањето на микро претпријатијата. Значи повторно каква заблуда сака са се внесе.

Ние предлагаме намалување на данокот. Ја намалуваме стапката за 33%, од 1,5 на 1%. Тоа го правиме овде. Значи ја намалуваме стапката.

Тоа се презентира  како нешто трагично па сега треба да се  шетаме по маалските продавници за да разговараме со тие луѓе.

Почитуван Манасијевски она што вие веројатно сте го пропуштиле е дека микро претпријатијата и претходно се одданочуваа паушално, затоа што ослободувањето кај нив е дека не треба да водат деловни книги во оној обем во кој што тоа го прават поголемите претпријатија.

Значи, до крајот на минатата година тие што се одданочуваат паушално во три групи и тогаш се одданочуваа, не се воведе никакво ново одданочување на добивката.

Ние го поедноставивме тоа, го врзавме со вкупниот приход и сега стапката ја намалуваме од 1,5 на 1,8 за да остане повеќе доход односно средства кај тие претпријатија. Прашајте ги како тие ќе реагираат на оваа мерка.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Јован Манасиевски.

**Јован Манасијевски:** Господине министре, пред се ви благодарам на комплиментот, кажавте дека мајсторски изведувам нешто. Учам и јас по нешто од пиарис пин квалитетите на оваа Влада, затоа што само тоа го имате, реална економска политика немате.

Сите овие прописи што ги носите носат штета на македонската економија и не се правете повторно како да не знаете за што се зборува.

Вчера кога ве прашаа новинарите за патриотските фискални каси вие рековте што е тоа, јас не знам што е тоа. Сега тука се правите како да не ги знаете предлозите од Стопанската комора. Ве молам, фирмите имаат проблем со прописот што го воведовме порано за наводното ослободување од реинвестирана добивка. Многу тешко и никако го остваруваат тоа право. Останува само на хартија.

Второ, нема да ве тужи Уставниот суд, не се секирајте ако активно важат поволните одредби. Зошто во оваа година на економска криза, 2008 година не можат ретроактивно одредбите од Законот за добивка, за распределување на нераспределената добивка да важат.

Значи, не ви е целта тоа, туку се што може да се собере за да Владата има пари да троши.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Љубисав Иванов Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Јас многу кратко сакам да кажам на младиот колега дека имаше многу умен татко и личен мој пријател беше.

Секој од нас е оптеретен со недостатоци и глупости, само умните знаат да ги премолчат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика за господинот Јован Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине, или да не ве навредам другар Иванов, за репликата, меѓутоа јас сакав да ви дадам комплимент дека вие сте единствен во ова капиталистичко лудило што сите ги зафатило, што барем декларативно се залагате за старите добри вреднсоти на социјализмот. Тоа што правите во реалниот живот тоа е друго. Тоа не е ни социјализам, ни капитализам, туку феудализам господине Ѕинго. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Бидејки не се поднесени амандмани на седницата на Собранието преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа 50 пратеници, 7 воздржани и 3 пратеници против.

Молам, службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата има 69 пратеници, меѓутоа меѓувремено влегоа двајца, тројца пратеници, но во моментот на гласање имаше преку 61 пратеник.

Констатирам дека е полноважно гласањето.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка.

**Минуваме на точката 6 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка по скратена постапка, второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и Закондоавно-правната комисија не поднесоа дополнителен предлог на закон бидјеки на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнителен прелдог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи до колку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Од пратеничката група на СДСМ пријавен е господинот марјанчо Николов, во име на пратеничката група на ЛДП господинот Јован Манасијевски и во име на пратеничката група на ДУИ господинот Аднан Јашари.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе,

Ова е исто така закон кој што значи преточување на една од прочуените десет мерки на Владата за справување со економската криза, чии што средства се фиктивни и кои што нема да имаат ефект во смисла на тоа да им помогнат на стопанските организации полесно да ги пребродат тешкотиите што ќе произлезат од кризата.

Значи, со овој закон се дава можност до колку одредено претпријатие има тешкотии во своето работење и поради тоа не може редовно да ги исполнува даночните обврски да може по одлука на директорот на Управата за јавни приходи истите да ги плаќа на рати. Тука е дадено најмногу до 36 месечни рати.

Ако останеме само на ова,оваа мерка на некој начин би можела да се цени дека може да има одредени ефекти кај претпријатијата, а кои привремено не ќе можат да ги плаќаат даночните обврски.

Но, во членот 111-в во однос на гаранциите што ќе треба да ги обезбеди стопанскиот субјект за да го искористи ова право лежи целокупната намера на Владата или можноста да се користи ова решение да се сведе на минимум.

Значи, ако сака некое претпријатие да ја искористи оваа поволнсот и да ночниот долг да го плаќа на 36 рати треба да обезбеди такви гаранции кои што господине минситре не се бараат ни кога претпријатието треба да земе кредит. Значи, треба да обезбеди гаранција во висина од 250% од висината на даночниот долг чија наплата се обезбедува освен за вредноста неотповикливата банкарска гаранција од овој член која не може да биде помала од 100% од висината на даночниот долг чија наплата се спроведува. Дури и банките бараат 2:1 за да обезбедат кредит, а Владата бара 2,5:1.

Сега вие мене објаснете ми како тоа ќе биде поволно за стопанските субјекти кога ако можар овие гаранции да ги обезбедат ќе си отидат во банка со помали гаранции ќе си земе кредит и ќе гледаат со бизнисот да продолжат да работат и да остваруваат добивка. Затоа велиме дека целта на овој закон или на мерките генерално што ги предложи Владата и кои што ни од далеку не се 350 милиони евра , и ги нема парите во Буџетот е всушност снимка и одговор на Владата на притисок на јавноста. Ефектите од овие мерки господине министер ќе бидат минимални. Можеби за оние претпријатија за кои ќе зборуваме по наредните закоини, кои што тешко работат ќе добијат некоај шанса, но што е со добрите фирми, што ја држат економијата на Република Македонија што извезуваат . Како на со овие мерки ќе им помогнете на овие претпријатија. Замислите гледаме на медиумите две години не одговарате на барање за концесија од одредени претпријатија. Две години ги држите во неизвесност и сега кога ќе дојде фирмата пред затворање пак ќе биде некој друг крив. Така ли Владата се грижи за економијата, за поволна бизнис клима за привлекување на странски инвеститори.

Ако е тоа вашата политика не е ни чудо што странските инвестиции се најминимални во регионот, што се многу малку гринфилд инвестиции и што најголем дел се инвестиции во најпрофитабилните сектори, во услугите и во банките.

Со вакви мерки и со вакво однесување на Владата никогаш Република Македонија нема да создаде поволна бизнис клима ниту ќе привлече странски инвеститори.

Нашата пратеничка група ќе гласа воздржано за овој закон, но ќе повторам, ова нема да даде

ефекти на претпријатијата да им помогне да ги пребродат тешкотиите од економската криза, затоа што гаранциите кои што се бараат се построги и од тоа да отидете во банка и да побарате кредит. Затоа овој закон во пракса ќе биде неприменлив бидејќи секој ако може да ги обезбеди гаранциите ќе си отиде, ќе си земе кредит и со тие пари ќе инвестира, ќе оствари добивка, а нема да ги даде кај Владата да стојат како гаранција да не бидат искористени за поволен бизнис. Затоа овој закон и оваа мерка се всушност само парада на Владата дека нешто прави за да се справи со кризата.

(Со седницата продолжи да заседава потпретседателот Светлана Јакимовска).

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам.

Почитувана госпоѓо потпретседателе, почитувани коелги пратеници и овој закон е дел од редицата на комплетно непотребни измени на закони, затоа што со овој закон нема ништо да се реши, ниту една состојба нема да се подобри, напротив постои сериозна опасност да се влошат дел од состојбите во правниот поредок и ќе образложам врз основ ана што го темелам ова мое изјаснување.

Инаку дека применливоста на овој закон ќе биде многу мала говореше мошне добро колегата пратеник Николов, затоа што обезбедувањата со кои што наводно се обезбедува ова право се такви да се апсолутно демотивирачки и се во контрадикција со самото право дадено на хартија.

Она што мене ме загрижува најмногу и за што нашата пратеничка група ќе гласа против овој закон е членот 111-д. Ве молам сите внимателно да го прочитате, а дозвоелте јас да го прочитам ставот 1, каде што се вели: " директорот на Управата за јавни приходи ќе го одложи плаќањетона даночниот долг имајќи ги предвид редовноста на даночниот обврзник при исполнувањето на даночните обврски.

Второ, видот и обемот на штетата на даночниот обврзник што би настанала од извршувањето од даночниот управен акт".

Зошто овој член е опасен? Зато ашто повторно не на мала, на голема врата ги вметнуваме дискреционите права на директорот на Управата за јавни приходи. Никаде нема објаснување, а го прашавме минситерот, бидјеки нема да следи ни подзакоснки акт, бидјеки не е предвиден, никаде нема објаснување што е тоа редовност на даночниот обврзник. Тоа е почитувани пратеници многу широк поим. Му се дава огромно дискреционо право на директорот на Управата за јавни приходи да процени кој е редовен, а кој не и тоа без критериуми, затоа што не се пропишани во ниту еден подзакоснки акт, ниту пак во самиот закон.

Второ, што е тоа вид и обем на штета на даночнио тобврзник која би настанала од извршувањето на даночниот управен акт. Уште понејасно.

Драги почитувани колеги.

Со овој закон наспроти декларативните одредби на Владата дека се укинуваат дискреционите рпава, дека се прави регулаторна гилотиња и т.н. и т.н. ние внесуваме повторно едно многу опасно дискреционо право. Очекувам од вас подршка да го одбиеме ова дискреционо право затоа што може да внесе голем неред, нерамноправност, дискриминација и селекција во правниот поредок. Значи, не може ние со закон да одобриме дискреционо право на директорот на Управата за јавни приходи, тој врз основа на тоа кој му се допаѓа или не, затоа што такви се овие критериуми, или кој му е партиски близок или не, можете како сакате да ги толкувате овие критериуми, затоа што никаде не се прецизирани и образложени.

Значи, правиме еден голем чекор назад. За тоа не може да биде никако оправдување економската криза, наводно дека тоа е оправдување за да ги враќаме дискреционите права. Правиме еден многу погрешен чекор, чекор кој што ќе му даде крајно волонтеристичко однесување на директорот на Управата за јавни приходи и член кој што ќе овозможи дискриминација на стопанските субјекти по било која основа.

Мислам дека како Парламент не смееме тоа да го дозволиме. Надвор од партиските ровови, од припадноста на Владата или на опозицијата ние внесуваме едно големо дискреционо право. Немаме право тоа да го донесеме и мислам дека во брзината на овие закони јас сметам дека и најголем број од пратениците не ја виделе оваа одредба од членот 1, меѓутоа таа е многу , многу сериозна и може да биде причинител на многу дисторзии во правниот поредок, а со тоа и создавање на економска нерамноправност на субјектите на пазарот.

Отаму молам ова решение да не се изгласа, а ако Владата сака ваков вид на закон да протурка тогаш или да ги наведе точно критериумите во некој член на законот, или во законот да пропише донесување на соодветен подзаконски акт од страна на министерот за финансии, во кој што поблиску ќе бидат одредени критериумите врз основа на кој што директорот на Управата за јавни приходи ќе го одобри или не барањето на конкретниот стопански субјект.

Ве молам почитувани колеги да не бидеме создавачи на правниот неред, туку напротив да се грижиме, тоа е и уставна обврска на пратениците да не создаваме неред во правниот поредок.

Од тие причини вака како што е предложен сега овој закон не треба да добие подршка затоа што значи голем чекор назад во времето на дискреционите овластувања. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Аднан Јашари, повлете.

**Аднан Јашари:** Благодарам почитувана потпретседателке, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Не е добро секој предлог, без оглед дали на некого не му се допаѓа анблок да се негира или оспорува и да се изрази со негативна енергија по истиот, бидејки и покрја се сега за сега и за оваа точка и за овој Предлог за кој расправаме мислам дека сите треба да се произнесеме и да кажеме зборови од аспект на подршка, или позитивни произнесувања. Мислам дека сите ќе се согласите и ако сте го прочитале и внимателно ги следевте тековите во другите системи, или во другите држави ќе дојдете доконстатација дека такви мерки,како што е оваа преку овој закон се превземени и во други држави. Можеби имате информации,можеби не, пред десет дена и Собранието на Република Албанија донесе токму ваков Предлог на закон преку кој создаде простор за одложување на извршување на даночните обврски,нормално од страна на одредени даночни обврзници.

Сето ова ако се анализира внимателно во образложението на овој закон ќе се дојде до констатација дека се прави поради овие вонредни околности, или на тоа што владее во неколку држави, како што е финансиската криза која нормално ценма дека е присутна и кај нас.

Во оваа насока, нормално во овие услови или во овие околности добро е предлагачот да настапи со ваков предлог, преку кој предлог сака за одредени деловни субјекти, или економски субјекти кои се јавуваат како даночни обврзници без оглед на даночната обврска вонеможност поради овие околности да ги реализираат нивните обврски можат во одреден рок да го одложат нивното извршување, нормално како што се предвидува секогаш во одредена постапка. Условите се обезбедување на одредени гаранции, било банкарски или реализирање на хипотеки, или залог и т.н. Сето ова ценам дека треба да се подржи од сите пратеници.

Во оваа можност, исто така сакам да нагласам дека одложувањето на даночните обврски од страна на одредени даночни обврзници, сега - засега, доколку сте го прочитале Законот за данок на имот е присутно е во овој начин, кај даноците на имот. Но сите знаете дека оваа даночна обврска на еден начин, иако можеби ќе погрешам е еден друг вид, што го нарекуваме локален данок, а не е централен дано, бидејќи приходите од овие даночни обврзници се наменуват на општинските буџети. Во Законот за данок на имот, каде се уредува и даночната постапка, тоа значи овој вид на данок, реализирањето на даночните приходи се исклучени од Законот за даночна постапка. Се предвидува начин или можност за одложување од извршување на даночните обврски, приближно оваа постапка што е дадена со овој Закон и во овие услови или со давање на вакви гаранции.

Не сакам да нагласувам дека законите што се предлагаат немаат недоследности, може да имаат недостатоци и празнини. Но, постојат измени и дополнувања, така што недостатоците што се појавуваат при спроведувањето на овие закони, има можност да се отстранат во иднина, преку измени и дополнувања на закони. Во конкретниов случај и на овој Закон.

Затоа јас ценам и очекувам за Предлогот на закон сите да изнесеме позитивен став, унифициран став и нормално да дадеме можност на предлагачот да го спроведе во пракса и овој предлог на закон.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господин Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам почитувана госпоѓо претседател.

Дискусиите на почитуваниот колега Јашари во континуитет ги ценам. Мислам дека се работи за добар познавач на законската проблематика во оваа сфера.

Оттаму, неговата расположеност да неговата пратеничка група прифати вакво грубо воведување на дискрециони права ја сфаќам не како израз на неговото стручно мислење, туку повеќе како неможност да се издржи цврстата коалициона прегратка на коалициониот партнер ВМРО ДПМНЕ. Затоа што, господине Јашари, вам ви е многу добро јасно, повеќе отколку на најголем број пратеници тука, дека се воведува дискреционо право на директорот на Управата за јавни приходи, со што тој може, преку своите одлуки, да влијае на создавање дискриминаторски односи на пазарот. И тоа е сосема јасно.

Сега, ако е тоа јасно, зошто да не направиме обид да го спречиме? Вашата одговорност како пратеник од владејачката коалиција е поголема од мојата одговорност, како пратеник на опозицијата. И токму, знаејќи дека сте одговорен пратеник, на тоа јас апелирам. Никој не е против на ваков начин да се помогне, нестандарден начин во овие околности. Меѓутоа, што е проблемот да додадеме еден нов став, да кажеме дека поблиску условите и критериумите ќе бидат определени со подзаконски акти, што во рок од две недели ќе го донесе министерот за финансии. Чисто,јасно, апсолутно потребно и неопходно. Ако ни е тоа намерата.

Ако ни е намерата преку оваа мерка, наводно, за сите стопански субјекти да вршиме дополнителна дискриминација на пазарот, дополнително фаворизирање на партиски фирми, тогаш е друго. Тогаш не ни треба прецизираање на критериумите, тогаш ваквите општи констатации се сосема доволни да ја завршат работата.

Оттаму, господине Јашари, она што велите дека во една друга фаза ќе донесеме измени и дополнувања, доцна ќе биде. Директорот на УЈП има законско право да го искористи ова дискреционо право, така што мислам дека и апелирам на вашата одговорност, дајте, јас сфаќам дека прегратката на ВМРО ДПМНЕ и

нивните 63 пратеници е многу силна. Меѓутоа, мислам дека стручното, експертското мислење и да е осамено, и да е во малцинство, треба да се избори за свој глас. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контрареплика, господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Нормално, со почит кон колегата, сакам да кажам нешто.

Праксата ќе докаже дека овие измени што се предлагаат ќе предизвикаат повеќе проблеми на владата, но повторно велам е во полза на даночните обврзници.

Зошто го нагласувам ова? Го нагласувам поради фактот дека секогаш, во моментот кога почнува процес на изготвување на Буџет за идната година, ќе се предизвикаат проблеми во насока на изготвување на планот за реализирање на јавните приходи од даночната област. Повторувам, како механизам, засега , во услови кога се приближува финансиската криза и во Република Македонија , еден ваков механизам треба да се поддржи од сите нас. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници кои сакаат да го изнесат својот став по однос на ставот на пратеничката група, бидејќи не е поднесен дополнителен предлог на Законот на кој што може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Пред да го ставам Законот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да достават точен број на пратеници во салата.

(службите доставуваат точен број на пратеници во салата).

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник. За Предлогот гласаа 54 пратеници, воздржано гласаа 6, против 1 пратеник.

Констатирам дека собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка.

**Минуваме на точката 7 - Предлог на закон за изменување на Законот за платниот промет по скратена постапка - второ и трето читање**

Извештаите на комисијата за финансирање и буџет како матичното работно тело, и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за финансирање и буџет, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнителен предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани, што е услов за изготвување на дополнет Предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи, доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

За да го изнесат ставот на пратеничките групи се пријавија господинот Манасијевски Јован за ставот на пратеничката група на ЛДП и Нова алтернатива и господинот Николов Марјанчо пратеник од СДСМ.

Има збор господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам почитувана госпоѓо потпретседател.

Навистина, чудни се Божјите патишта. Најголемиот противник, најжестокиот противник на овој закон, на овој предлог, министерот за финансии имаше најмалку неколку изјави со што фрлаше дрвја и камења против ваквиот предлог на пратениците минатата година. Сега се јавува како предлагач на ваквото решение.

Навистина многу ме интересира низ каков процес на внатрешно прочистување, порификација, контенплација поминал нашиот почитуван министер да сега, она до што пред само некој месец жестоко го напаѓаше по сите основи, сега да го предлага.

Се сеќавам многу добро, точно пред една година, пратеникот Стојан Андов на еден крајно аргументиран и убедлив начин имаше идентичен ваков предлог. Одбивањето на минсистерот за финансии беше крајно арогантно, при што не се штедеа зборовите во нападот на решението на предлогот на господинот Андов.

Сега, истиот тој министер за финансии ни предлага вакво решение. Добредојдовте во реалноста господине министре. Добро е што ви текна сега да го прифатите овој предлог и нашата пратеничка група ќе го прифати и ќе го поддржи овој предлог.

И, ви упатувам еден апел. Како што доцна ви доаѓаше паметта за овој закон, така да не дозволите доцна да ви доаѓа паметта и за другите наши предлози, па навремено да ги прифаќате сите умни и издржани предлози на опозицијата. Да не правите штети во македонската економија. Благодарам.

**Светлана Јакимовска :** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:**Благодарам.

Се извинувам, ја имам неблагодарната должност по не знам кој пат да го исправам господинот Манасијевски, на документот стои дека предлагач на овој закон е Владата на Република Македонија, не е министерот за финансии предлагач. Стои претставници на владата , што е голема разлика.

А повторно за навредите, за доаѓање памет итн. господине Манасијевски, кога фактите се менуваат, паметните луѓе го менуваат своето мислење. Што правите вие тогаш господине Манасијевски?

Инаку, вашата кошула  не е во портокалова боја, туку во керамида. Проверете.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам почитувана госпоѓо потпретседателке.

Му благодарам на министерот за финансии, за компетентниот одговор прво во врска со бојата на мојата кошула.

Јас знам дека министерот има креативни изблици, имено, беше автор на еден спот, колку што се сеќавам. Сега слушаме дека е и хромоексперт за сите типови на бои и нивните  рефлекси во парламентарната сала.

Господине министре,

Ако навремено ги прифаќате предлозите на пратениците, многу помала економска штета ќе направите во државата.

И, навистина е неверојатно, јас незнам дали воопшто ќе го дочекате утрешниот ден како министер кога ова ваше образложение ќе го слушне премиерот, дека вие не сте се согласувале со овој  предлог, меѓутоа тука ве натерале да го браните против своја волја. Ако сте принципиелен човек министре, дајте си оставка, наместо да браните нешто што е против вашите уверувања. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Ова што го говореше господинот Манасијевски, сосема е точно. Ќе направевме едно десетина илјади, минатата година, невработени ако не го донесовме овој закон.

Точно е и  тоа дека господинот министер беше остро против донесувањето таков закон, од принципиелни причини и тој, како експерт, има право така да мисли.

Меѓутоа, сакам да истакнам дека овој закон беше едногласно донесен. Според тоа, целото собрание, сите пратеници до еден гласаа и го исправија министерот и тоа е во ред.

Она што сакам да го кажам, мене би ми било повеќе мило сега да не го донесовме овој закон, сега. Тоа што јас  го замислував што да се заврши работа за време на важењето на овој закон, требаше да има маса активности на Владата, да изведе операција на санација на средување на приликите кај повеќе субјекти, фирми дури и таму каде што владата е мнозински сопсвеник или барем добро инволвирана, и дури најавила програми. Тоа не се случи.

И сега дури ние имаме, две точки или три точки понатаму, каде има еден Предлог на закон, што јас исто така ќе го поддржам, тоа е интервенцијата да се капитализираат побарувањата на владата во ОХИС, ЕМО итн, што можеше да се направи веднаш после донесувањето на овој закон. Ако тоа се направеше, тие фирми сега ќе имаа сериозни програми, со сигурни купувачи кои што, толку колку што ќе бидат погодени од кризата како и другите, а не сега како што се инвалидизирани, тој пропуст е резултат на неможењето да се работи. Ние фактички во март минатата година не работевме. Бевме преокупирани со предвремени избори. Потоа се одлучивме на предвремени избори и изгубивме време. Дури сега ќе се донесе еден закон што требаше да биде донесен најдоцна до април, да ги одврземе рацете на менаџерските тимови, да им ги отвориме очите, да можат да завршат работа.

Инаку, што се направи таму за оваа година? Само некои смении, изгледа по партиска линија, а ништо друго успешно не се промени во тие фирми. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам.

Му благодарам на почитуваниот колега Андов за дополнувањето. Тој потсети на еден многу значаен факт, дека Предлогот на пратеникот Андов го усвоивме едногласно. Меѓутоа, тоа само уште повеќе ја потенцира трагичната осаменост на министерот за финансии.

Јас, како либерал по политичка ориентација не можам а да немам симпатија за таков тип на јунаштво кога , несфатениот експерт, господинот Славески се противи на политичката волја на мнозинството и на Владата и на својот премиер. Меѓутоа, наредниот чекор господине министер, на кој што ве повикав е да не учествувате, да не партиципирате во таа влада што носи вакви популистички решенија. Значи, до крај ја имате мојата поддршка да издржите на вашиот принципиелен став. Благодарам.

**Светлана Јакимовска :** Благодарам.

Има збор господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателке.

Накратко, да го кажам ставот на пратеничката група на СДСМ и да дадам една забелешка, тоа што министерот за финансии не се јавува по ниту еден закон да даде образложение или да го брани. А исто така и колегите од владејачкото мнозинство, до сега не слушнавме ниту еден став, нивен јавно, преку говор, што мислат за предложените закони. Туку едноставно, само со притискање на копчето ги аминуваат, а потоа кога ќе се јави проблем во спроведувањето на овие закони, веројатно ќе мислат како некого друг да обвинат за тоа што ќе се случува негативно од нивната реализација.

Ценам дека во услови на една тешка година што не очекува, во најмала мера, во собранието може да постои и дебата околу овие закони, бидејќи владата ги најави како големо олеснување, за претпријатијата, дури излезе и со бројка од 330 милиони евра што ќе значеле олеснување за

претпријатијата иако во буџетот никаде не ги оправда.

По однос на овој закон мило ми е што министерот, сега како што тој се изјасни, го прифатил Предлогот на Владата оваа мерка да помине во Собранието, затоа што се работи за пролонгирање на можноста претпријатијата кои што имаат блокирана сметка да можат да плаќаат со компензација, цесија, асигнација до 2010 година и на тој начин ќе се овозможи олеснување на нивното работење како што зборуваше господинот Андов, навистина на голем број на претпријатија ќе им се овозможи. Не можам да го премолчам образложението на министерот дадено на една од комисиите дека не поддржувале незаконски активности. А замислете, плаќањето со цесија, асигнација е законска можност регулирана со закон. Тој вели дека се случуваат незаконски активности. Самиот го девалвира правниот, финансискиот систем на Република Македонија со таквите изјави. Но, тоа не е ништо ново од страна на министерот. Навистина мислам дека добро е што Владата ја послуша опозицијата и ја прифати оваа мерка како една од олеснувањата на претпријатијата.

Нашата пратеничка група ќе го поддржи овој закон. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи не е поднесен дополнет предлог на законот на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, сите 56 гласаа за.

Ги повикувам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласање во салата беа присутни 64 пратеници.

Констатирам дека гласањето е полноважно.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за платниот промет.

**Минуваме на точка 8 - Предлог на закон за отпишување на камати на доспеани обврски по основ на даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување, по скратена постапка - второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, како и матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија Ви се доставени.

Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор е пријавен господинот Јован Манасијевски во име на пратеничката група на Либерално демократската партија и Нова демократија и Живко Пејковски во име на ВМРО-ДПМНЕ.

**Јован Манасијевски:** Благодарам почитувана госпоѓо потпретседател, почитуван господине министре, почитувани колеги пратеници,

Овој закон е уште еден од редицата на кулиси во потемкиновите села на Владата. Имено, се предлага закон кој што само ќе го оптерети правниот промет во Република Македонија. Никаква економска логика, никаков реален ефект нема да има од овој закон. Очигледно Владата имала проблем да дојде до бројката 10, и звучела бројката 10 како заокружен пакет и се впуштила во непотребен правен напор. Тоа е едната причина поради која што се разбира треба да бидеме против овој закон.

И втората причина е што со овој закон се враќа, се воведува принципот на морален хазард кој што исто така, очекувам министерот за финансии од принципиелни причини да биде против воведувањето на овој принцип. И го молам да се произнесе по тоа прашање, дали лично се согласува со инкорпорирање на моралниот хазард во законската регулатива, или повторно го натерале од Владата да го брани овој закон.

Зошто овој закон е непотребен и неприменлив и зошто нема да има никаков ефект?

Почитувани колеги пратеници, почитувана јавност која што го следи овој претрес, со овој закон што се предлага? Фирмите кои што имаат долг по однос на јавни давачки заклучно со 31 декември оваа година да можат долгот да го вратат во првите три, или шест месеци наредната година, а за возврат да бидат ослободени од каматите. Тука настапува веселата логика на Владата. Објаснете ми како во тешката кризна 2009 година што не очекува фирмите кои што и досега имале проблем во релативно добри услови економски да ги исплатат јавните давачки, сега одеднаш ќе најдат пари, ќе соберат пари и ќе го вратат долгот за да бидат ослободени од каматите. Навистина јас, господине министре, повторно имам проблем да најдам соодветен збор, а да не бидам груб, за жал. И бидејќи сте осетлив, нема да употребам ниеден збор. Меѓутоа, ова е надвор од секоја елементарна логика. Значи, внимавајте, фирма која што не моожела да плати јавни давачки во поволни околности и која што има долг во моментов, сега во кризната 2009 година и тоа во првата половина кога ударот на кризата ќе биде најголем, одеднаш ќе собере пари, на волшебен начин ќе најде пари и ќе ја врати главницата за да биде ослободена од каматите. Смешен закон. Колеги пратеници треба да го штитиме дигнитетот на ова Собрание. Ќе ни се смеат луѓето ако донесеме ваков закон. Прашав на Комисијата за финансирање и буџет бидејќи секој закон кога се предлага му претходи соодветна анализа,

проекција. Ги прашав претставниците од Министерството, колку фирми предвидуваат да ја искористат оваа можност, затоа што претпоставувам дека на предлагање на некој закон претходи некоја аналитичка работа. Не би сакал да поверувам дека овие закони вака ги тресат од ракав. Колку фирми ќе го искористат ова право. И бидејќи беше квантифицирана бројката на олеснување 330 милиони евра. И ни тврдеше и премиерот и заменик премиерот Ставрески и министерот за финансии, дека оваа бројка е изведена врз основа на многу прецизна структура и дека секоја од десетте мерки учествува во овие 330 милиони евра. Не добивме одговор, колку по овој основ се учествува во тие 330 милиони евра. Сето ова, значи неможноста да се дадат елементарни одговори колку фирми според проекцијата на финансии би можеле да го искористат ова право и колку приливи се очекуваат по овој основ? Заклучувам дека овој Предлог закон е истресен од ракав. Не му претходи никаква аналитика, никаква подготовка и едноставно е тука поставен да ги замачка очите на јавноста дека Владата нешто многу се труди околу соочувањето со економската криза.

Драги пријатели, слушајте ми го зборов, бројките на фирмите што ќе го искористат ова право ќе биде нула. И ќе говориме во Парламентот за тоа кога ќе дојде време, затоа што тоа е добра страна на законот, дадени се роковите. Има прецизни рокови. Дозволете ми да цитирам: "барањата за овој неприменлив закон фирмите треба да ги достават до 31 јануари 2009 година". Ќе треба министерот за финансии да одговори на 1 февруари колку барања стигнале. Меѓутоа, тоа е претходната фаза, припремната фаза. Многу побитни се одговорите што ќе треба министерот за финансии да ги даде на 30 април и во септември кога ќе истечат роковите во кои што фирмите ќе треба да ги исполнат барањата, условите од барањата. Значи, добра страна на овој закон е што има рокови. И мене господине министре нема воопшто да ме мрзи, на секој од овие четири предвидени рокови, дали преку пратеничко прашање, дали преку пријателска дискусија ќе ве потсетувам и ќе ве прашувам за бројот на фирмите и за фискалните ефекти од оваа мерка.

Почитувани пратеници, како што објаснив на ова прво прашање, значи никаква корист нема да има никој од овој закон, затоа што е потполно непотребен, што е неприменлив, надвор од секоја елементарна логика. Ако го донесеме, ќе направиме голема штета, затоа што како што реков и во воведот, моралниот хазард го внесуваме на голема врата. Добро знае министерот за финансии, многу подобро од мене која е опасноста од воведувањето на вакви елементи во законската регулатива. Навистина јас не знам како ќе го образложи ова, ако воопшто се јави да го образложи. Меѓутоа, му давам поддршка да истрае во својата принципиелност и како ресорен министер да се бори во Владата да не се носат прописи кои што внесуваат елементи на морален хазард, на дискриминација, на селективност во правниот поредок и во економските услови на стопанисување. Оттаму овој закон не треба да биде поддржан, треба да биде отфрлен од Собранието. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Живко Пејковски, повелете.

**Живко Пејковски:** Почитувана потпретседателке, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Јас накратко ќе ја злоупотребам оваа говорница за да изразам јавна благодарност заради тоа што тука се министрите и можеби во друга прилика не ќе можам да изразам јавна благодарност посебно до министерот за труд и социјална политика. Ќе ми дозволите господине министре, до вас, до вашиот заменик министер, до државниот секретар и до сите структури во Министерството за труд и социјална политика, од името на сите граѓани на општина Демир Хисар да упатам јавна благодарност што со Одлука на Владата на 18.11.2008 година основавте Центар за социјална работа во Демир Хисар. Или поточно, го вративте тоа што беше укинато во 2003 година со несреќна одлука на Владата во 2003 година. На тој начин им овозможивте на граѓаните на општина Демир Хисар полесно, побрзо и со помалку трошоци да ги остваруваат своите права од сферата на социјалната заштита. Уште еднаш искрена благодарност за вашата заложба. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Јован Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Значи, почитуваниот пратеник Пејковски истакна уште еден аргумент дека социјалната слика во Република Македонија се влошува. Центар за социјална работа се отвора таму каде што нараснува бројот на социјални случаи, каде што нараснува потребата од социјални услуги и каде што нараснува сиромаштијата. И токму тој факт, почитуван господине Пејковски, треба сите да не свести дека оваа економска политика на Владата го намалува животниот стандард и создава сиромаштија. И затоа наместо да создаваме нови центри за социјална работа, дајте да создаваме нови компании, а нови компании ќе создаваме само ако не носиме вакви прописи какви што ни се предлагаат, прописи кои што внесуваат морален хазард, дискриминација и внесување на елементот на селективност на економскиот пазар и во правниот поредок. Токму поради ваквите прописи одредени фирми ќе страдаат, токму поради ваквите прописи тие фирми што ќе страдаат во неможност да одговорат на своите обврски, ќе отпуштаат работници и заради ваквите прописи бројот на контото на Министерството за труд и социјална политика на различни корисници ќе се зголемува. Не дека порано ситуацијата била сјајна. Се соочуваме со исти проблеми на кои што за жал не наоѓаме решенија сите ние, сите претходни влади во изминаативе 18 години. Меѓутоа, треба овој факт

за кој што говорите колега, на сите да ни ги отвори очите и наместо да отвораме нови центри за социјална работа, да отвораме нови фабрики. Инаку, со овој пропис, јас очекував колега вие да говорите токму за овој припис, со овој ваков закон кој што објаснив дека нема никаква логика. Тој се носи во добри времиња кога фирмите добро работат и тогаш за да се даде дополнителен ветер, тогаш Владата излегува со вакви мерки за да им овозможи да се ослободат од балансот на каматите. Значи, ваков закон не се носи во кризни времиња, ваков закон во економска криза е контра продуктивен. Ваков закон е потребен кога на економијата и оди добро за да настане дополнително растеретување и дополнителен ветер во едрата на фирмите. Ние носиме во погрешно време ваков пропис. Меѓутоа, објаснив, овој пропис нема никаква економска логика, едноставно се работи за една фасадна презентација, како што кажав за уште една кулиса во потемкиновите села на Владата. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Живко Пејковски.

**Живко Пејковски:** Господине Манасијевски, јас ова го зборував точно во оваа прилика само од една едноставна причина. Во 2003 година колку што добро се сеќавам бевте вие министер за труд и социјална политика во Република Македонија. Па очигледно познавајќи ја структурата на населението во Демир Хисар и околината на Демир Хисар, оценивте дека не е потребен центар за социјална работа, заради тоа што очигледно добро ви одеше тогаш работата. И затоа ја искористив оваа прилика јавно да се заблагодарам на луѓе кои што мислеле за Демир Хисар.

**Светлана Јакимовска:** Бидејќи не е поднесен дополнителен предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници. За Предлогот гласаа 54, воздржано гласаа 6, против гласаа 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за отпишување на камати на доспеани обврски по основ на даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување.

**Минуваме на точка 9 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа, по скратена постапка - второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, како и матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија Ви се доставени.

Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Се пријавија господинот Манасијевски Јован во име на пратеничката група на ЛДП и Нова Демократија и господинот Андонов Миле во име на СДСМ.

Има збор господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам почитувана госпоѓо потпретседател, почитуван господине минситер, почитувани колеги пратеници,

Конечно после ова море на непотребни, штетни закони, еден добар законски пропис, ЛДП и пратеничката група на ЛДП НА ќе го поддржи овој закон, затоа што ова е единствената мерка од сите овие што е реална и што води кон реално растоварување на трошоците на стопанството.

Меѓутоа, драги колеги, единствената реална мерка видете колку тежи. 211 милиони денари или само 3 милиони евра. Од сето ова, од денешнава расправа заклучуваме дека лагите зза 330 милиони евра помош се демаскирани. Целата помош изнесува 3 милиони евра.

Добро е и толку што ви текна, што се сетивте и такво минимално растоварување треба да биде поддржано и поздравено од Парламентот. Меѓутоа, престанете да ја лажете јавноста. Нема никакви 330 милиони евра. Тие се само во вашите глави. Реално олеснување на стопанството има, како што точно сте навеле од 3 милиони евра.

Истовремено сакам да ја охрабрам Владата и понатаму да продолжи со овој процес, затоа што ова е реална мерка, за помош на нашето стопанство во кризни времиња и за подигање на нашата влошена, загрозена конкурентност. Познати ви се, сум говорел и во една друга прилика, за страотните податоци од Светскиот економски форум од Давос, каде што нашата конкурентност, за жал, опаѓа. Во споредба со 2006 година е опадната за цели пет места. Нашиот индекс не е помрднат ниту за една децимала, за жал. Така што, само со вакви мерки ние ќе овозможиме да се растовари стопанството, импут трошоците да бидат помали и како резултат на тоа нашата економија да биде поконкурентна.

Меѓутоа, црв на сомнеж ми се јави кога го читав образложението за законот. Инаку, законот е добар, треба да се поддржи. Ова е конкретна мерка. Меѓутоа, од образложението гледам дека овој закон бил подготвен пред економската криза и дека овој нема врска со економската криза. И дека Владата само го злоупотребува моментот да го даде како елемент во економската криза.

Зошто го велам ова? Внимателно, два пати го прочитав воведот, образложението. Никаде нема, со ниту еден став во образложението дека се работи за соочување со економската криза.

Напротив, дозволете ми да ви прочитам што се вели во образложението. Цитирам:

"Царинските стапки на царинската тарифа, Владата на Република Македонија секоја година ги усогласува, согласно преземените обврски од Законот за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија кон Светската трговска организација".

Од ова образложение произлегува дека ова е обврска врз основа на меѓународен договор.

Понатаму, да не должам многу, бидејќи гледам дека сте нестрпливи, претставниците на Влдата и претставниците на мнозинството, значи со ниту еден збор образложение, господине министре, нема дека се работи за соочување со економската криза. Врз основа, велам, на вашето образложение се стекнува впечаток дека се работи за рутинска операција и обврска на Република Македонија.

Меѓутоа, како и да е, ова е споредно прашање. Битното прашање, за тоа ја давам мојата поддршка на овој закон е што конечно и текна на оваа Влада да го намали товарот врз стопанството. За скромни три милиони евра, меѓутоа, добра е насоката и ја имате нашата поддршка да продолжите и понатаму.

А ова што по малку не подлажувате, нас и јавноста дека ова е мерка дизајнирана за соочување со економската криза, нека оди на контото на вашата одговорност. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен министерот за финансии, повелете господине Славески.

**Трајко Славески:** Благодарам госпоѓо потпретседастел,

Му благодарам на господинот Манасијевски за подршката на законот.

Делумно сте во право дека секоја година Република Македонија, за тоа сте во право, но во контекст на она што го кажавте, ги усогласува царинските стапки со оние на Европската унија. Ако го прочитавте образложението, таму најверојатно ќе најдевте и одредници што укажуваат на фактот дека месеци наназад работни групи на Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество итн., работеа со задача да најдат начини како понатаму, и покрај тоа предвидено намалување на царинските стапки според Договорот за стабилизација и асоцијација да олеснат на македонското стопанство со пониски дасвачки.

Господине Масијевски,

Треба да признаете една работа дека не треба се да се врзува со интервентно, адхок делување на владите за лечење на некои состојби, односно гасење на пожари. Зошто не признаете дека низа мерки односно клучните мерки на Владата, што сега ја овозможуваат виталноста на македонската економија беа донесени пред година ипол. Најдете земја во Европа што може да ги намали денеска, а многу би посакале, даночните стапки на 10%, на персоналниот данок од доход, на данокот од добивка. Најдете земја во светот, освен Естонија, што го има воведено овој модел на откажување на данокот од добивка. Многумина би го посакале тоа.

Единствената земја на која вие се повикавте дека ги намалила даночните стапки беше Велика Британија. Ја намали даночната стапка на данокот на додадена вредност за неколку процентни поени, но не кажувате дека во исто време ги зголеми другите даночни стапки.

Значи, господине Манасијевски, има нешто во она што Валдата на Република Македонија го направила за да ја зајакне цврстината на македонската економија, иако е мала и отворена, да може да се носи со шоковите.

Ова не значи потценување на она што е навистина светски шок. Но ние делуваме со систе мерки што се на располагање.

Сега, морам да се осврнам и на вашето неверување за ефектот од 330 милиони евра.

Господине Манасијевски,

Беше невозможно да ги донесеме овде на купче, тие 330 милиони евра за да ги видите и да поверувате. Има многу мина што во своето работење, понекогаш, посакуваат или бараат од спротивната страна, дајте да ги видам парите. Парите се тука. Парите ќе се појават како ослободување на македонските даночни обврзници. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Министре, не ви е денот денеска. Не знаете ни комплимет да прифатите. Подршка ви дава ЛДП за овој закон. Кажете барем благодарам.

Меѓутоа, не можеме да премолчиме дека ја лажете македонската јавност. И вие, со вашата изјава тоа го потврдивте.

Ве цитирам: "Со месеци наназад работат работни групи". Со месеци наназад, тоа значи пред воопшто некој да ја предвиди економската криза. Тоа токму го потврди мојот црв на сомнеж, дека се работи за планирана мерка на Владата, добро е што сте ја планирале, добра е мерката, меѓутоа, дека мерката не е резултат на елементи за соочување со економската криза. Туку напротив, таа е со месеци подготвувана. Ќе биде поддржана, меѓутоа јас сум против тоа што се обидувате да ни ја прошверцувате и да ја претставите како дел од 10-те мерки. Таа не е дел од десетте мерки. Таа е дел од континуираната политика на Владата и како таква оваа мерка ја поздравуваме. Нема потреба да не лажете. Ќе ја поздравиме пак. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Реплика, господинот Андов Стојан, повелете.

**Стојан Андов:** Добро госпоѓо потпретседател,

Сакам само едно дополнување на ова што го кажуваше господинот Манасијевски да истакнам.

Мислам дека оваа мерка, се разбира е пред се усогласување на нашите обврски кон Протоколот, што е ратификуван овде. Добро е што сега ќе ја донсеме, нешто ќе помогне. Се поклопува со намерите сегашни наши и потреби.

Меѓутоа, мислам дека во секторот на царините треба да продолжат да работат луѓето од Министерството и Владата и треба да се следи текот на кризата и кои наши гранки, стопански групации ќе паднат во тешкотии, особено заради проблемот со високите царини. Треба да видите колку дава можност Протоколот што сме го потпишале, како маневарски простор, нешто за излезот од кризата, како исклучителна состојба, понатаму да се преземе. Така што да не биде ова се што ќе го преземеме се во секторот на царините. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Андонов Миле, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам потпретседателке.

Почитуван министер, почитувани колеги и колешки, земав збор да го изразам ставот на пратеничката група на СДСМ дека сме со став да го поддржиме овој Предлог на закон за дополнување на Законот за царинската тарифа.

Како што рековме, уште во образложението со овој закон се предвидува намалување или целосно укинување на 498 царински тарифи, од кои 286 целосно ослободување, а 212 делумно. Да го исправам колегата Манасијевски, не се работи за три милиони евра, туку се работи за реални 3,5 милиони евра кои доколку се реализираат претпоставките за увоз на овие стоки и репроматеријали би го имало како олеснителна околност стопанството на нашата држава, како и стопанствениците.

Од друга страна, се согласувам со претходните дискутанти дека ова е направено во рамките на годишното усогласување на царинските тарифи во согласност со договорите за слободна трговија и со Светската трговска асоцијација. Мислам дека тоа на некој начин ќе го долови. Меѓутоа, пласирањето на овој закон во составот на сите овие мерки е само еден мал трик кој Владата сака да го искористи во целата оваа констелација. Овој трик не потсетува на моментот кога Владата вети дека ќе ги зголеми пензиите на пензионерите за 7 или 10% и тоа го стори, меѓутоа, за три дена се фати на трикот дека тоа зголемување на пензиите на пензионерите не било зголемување туку било токму усоглсување со зголемувањето на трошоците на живот.

Токму оваа мерка мислам дека не требаше да се стави во овие 10 мерки, можеше да биде предложена како мерка и ќе беше прифатена како што и сега ја прифаќаме, меѓутоа, тоа е тоа. Од друга страна, овој закон иако е 3,5 милиони евра, не е ни малку, за некого ќе биде добра помош, ќе ни донесе проблеми во ранливата категорија како што сакаме сите да ја наречеме трговскиот дефицит. Последната инфорамција од Државниот завод за статистика дојде дека трговскиот дефицит е зголемен односно се движи околу 2,5 милиони евра. Тоа е премногу за оваа економија. Тука е и платниот дефицит, тука е и намалувањето на девизните резерви. Во однос на 2006 година кога девизните резерви покриваа 4,5 месечен увоз на нашата држава, сега тие се сведени на одвај три месечно покривање. Значи требаше Владата кога се занимава со вакви мерки од областа на царината, извозот и увозот да ги има предвид сите овие констелации и негативности кои би можеле да се појават и на повисоко ниво.

Кратко е времето сега да зборуваме, бидејќи ќе избегаме малку од темата, околу Законот за царински тарифи, меѓутоа, требаше да најде сенс Владата и да предложи мерки со кои трговскиот дефицит ќе го стопира, односно ќе го корегира позитивно. Јас како и многу колеги стопанственици пред 15 или 18 години се сеќаваме на една мерка која вроди ефект, која беше воведена и егзистираше повеќе од година, две, и која придонесе трговскиот дефицит да биде намален или регулиран. Таа мерка популарно кај стопанствениците се нарекуваше штанцување на девизи, тоа значеше секој кој има извоз може да увезува. Кај нас таква бариера - верувам дека не можеме многу бариери да воведуваме околу либерализацијата на увозот - извозот, меѓутоа, со некои мерки можеме да ги насочиме стопанствениците, да ги стимулираме кон извоз и на помалку увоз. Со тоа штанцување на девизи секој оној кој ќе извезеше ќе можеше да увезува, а увозот значеше преку негова сметка на негово име и сметка да биде извршен увозот, но тој понатаму за одреден процент да го даде на корисникот кој не можеше да увезува затоа што не беше извозник. Со тоа се поттикнуваа фирмимте кои едноставно вршеа нето девизен прилив и нето извоз на стоки, со тоа се дизбалансираше и платниот биланс и трговскиот дефицит.

Мислам дека Владата во најскоро време ќе најде можност не само со ваков пример, има и многу други, ќе ги донесе како предлог мерка за корегирање на сите овие негативности од голем карактер што ни се случуваат во платниот биланс. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Реплика госпоѓа Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ**: Благодарам госпоѓо потпретседател,

Само една мала реплика, иако колегата се одалечи од темата која ја имаме, а тоа е во областа на царината, сметам колега дека ова е добра мерка со намалувањето на царинските стапки и со тоа треба сите да се согласиме и овој закон да го подржиме.

За споредба, лоша мерка беше од Владата на СДСМ кога иако имавме право со СТО и Протоколот да не го намалуваме ДДВ на јавните претпријатија за комунални услуги и ЈСП од 5 на 25% ја зголемивте, но оваа Влада кога дојде на Власт наместо 25% ја симна на 5%. Меѓутоа, штетате веќе беше направена. Ако споредуваме

за добри и лоши мерки, мислам дека ова е една мерка од исклучително значење за олеснување на стопанството. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика се јави господинот Андонов Миле, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам на репликата на колешката Авировиќ. Мислам дека ние како колеги во работното тело за финансирање и буџет не треба да бегаме од темата и не треба сега со царинските тарифи да го мешаме ДДВ, односно акцизите. Кога станува збор сега за ДДВ, па и тоа е една мерка олеснителна за која треба добро да размисли Владата дали ќе остане на 18% и 5% или дали ќе биде намалена сега во овој момент. Мислев дека ќе дадете дискусија во тој контекст или со намалување на одредени акцизи за одредени производи, а не да мешате сега јаболки и круши, царински тарифи и ДДВ. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи не е поднесен дополнителен предлог на законот на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целилна го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, од кои за законот гласаа сите 64, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа.

**Минуваме на точката 10. - Предлог на закон заз изменување и дополнување на Законот за трговија по скратена постапка (второ и трето читање).**

Извештаите и дописот на Комисијата за економски прашања како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за економски прашања како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани, што е услов за подготвување дополнет предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на Законот, да се пријават за збор.

Благодарам, пријавен е г-динот Минчев Горан во име на СДСМ, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам потпретседателке, почитувани колеги пратеници, во име на пратеничката група на СДСМ, ќе го образложам нашиот став во врска со предложените измени во Законот за трговија.

Прво би сакал да ве потсетам дека измените и дополнувањата во овој Закон за трговија, претрпуваат измени веќе по трет или четврт пат. Тука е министерот за економија, ако грешам ќе ме поправи, за отприлика една година. Тоа значи дека Владата, како и за многу други клучни прашања, кои се од доменот на економијата и на финансиите, воопшто немаат долгорочна стратегија. Таквиот однос се гледа и од пристапот на тимот на Груевски, кон сите оние проблеми и последици со кои е соочена Република Македонија, од глобалната економска и финансиска криза. Кон најсериозните проблеми, мораме да признаеме дека оваа влас и оваа Влада се однесува ноншалантно, или пак, во најмала рака кажано, неодговорно.

Во измените на Законот за трговија, повторно се предлагаат сега нови измени, за кои што навистина сметам дека се крајно спорни и штетни, а се однесуваат на висина на казните, одосно на глобите за субјекти кои што раководат со пазарите, меѓутоа и со самите пазарџии.

Накратко кажано, според овие измени во овој Закон, казната сега за правно лице ќе изнесува од 13 илјади до 16 илјади евра, за одговорното лице 5 илјади евра, а исто така се казнува и службеното лице во висина од 3 илјади евра.

Со овој Предлог, исто така се предвидува и казна за повторување на делото, а тоа е 15 до 21 илјада евра, меѓутоа, и една новина, затворска казна од 1 до 5 години за правното лице.

Од друга страна, исто така се предложени мерки, односно глоби или казни за самите пазарџии кои што се во висина од 300 до 500 евра.

Воведувањето ред на пазарите, според овој Закон значи дека пазарџиите мораат да отворат фирми и да се фискализираат, а одговорноста да ја сносат токму оние кои што управуваат со пазарите. Со овие мерки, тие навистина, се ставаат во крајно незавидна положба, затоа што сите знаеме дека сите овие сопственици на тезги на пазарите, од разбирливи причини во овој момент одбиваат да се фискализираат.

Отпорот од страна на пазарџиите, автоматски значи дека тој што ќе раководи со пазарите, или пак што раководи со пазарите ќе плаќа, според овие измени и дополнувња во Законот за трговија, енормно високи казни, а тоа претпоставуваме дека за кратко време може да се случи дека ќе финализира со затворање на пазарите.

Не знам воопшто, дали предлагачот свесно или несвесно го игнорирал фактот, дека во повеќето општини во државата, со пазарите стопанисуваат јавните претпријатија во локалние самоуправи.

Значи, за разлика од градот Скопје, каде со пазарите раководи АД Скопски пазар, низ Републиката, таа дејност е во рацете на локалните јавни претпријатија. Тие се значи, според овие измени и дополнувања правните лица, кои што треба да спроведат ред на пазарите што ги управуваат.

Државата во овој случај, целосно ја префрла одговорноста на овие субјекти и потоа со овие измени и дополнувања им препишува огромни казни, ако не успеат да го спроведат Законот.

Мојата претпоставка која ја сметам за прилично реална е дека уште по изрекувањето на првата казна, сите одние правни лица, што ќе бидат соочени со вакви високи глоби и вакви високи казни, ќе се соочат со затворањето на пазарите, односно ќе стават клуч, едноставно само поради одбивањето на пазарџиите, правното лице нема да биде во можност да ги спроведе сите овие измени и дополнувања.

Не мора да објаснувам почтувани колеги пратеници, дека со овие мерки ќе останат многу лиѓе на улица, без единствениот извор на егзистенција, што им го дава скромниот приход нкој што го имаат од пазарните тезги.

Од друга страна, ќе значи дека исто така и голем дел од нив, ако се избркаат од пазарите, а со овие предлог измени и мерки, дефинитивно ќе бидат избркани, ше бидат принудени да се снаоѓаат, својата роба и своите артикли да ги продаваат на сосема други места, односно вон рамките на пазарите, а се претпоставува дека тоа би било на улица, што значи дека тоа ќе биде еден вид нова сива економија и значи дека самата Влада со едни вакви наметнати реШенија, за кои што однапред се знае дека нема да можат да бидат спроведливи, практично ја поттикнува или ја стимулира сивата економија. Од друга страна истот така, можеме да кажеме дека со овие мерки што ги предлага Владата, директно се загрозува пласманот на земјоделските производи. Значи, ако се затворат пазарите, а верувајте дека ќе се затворат со вака високи енормни глоби или казни, штетата нема да ја претрпат само продавачите, туку и производителите на земјоделските производи.

Се сеќаваме на изјавите на вице премиерот Ставрески, која што во својот познат реформски стил, кажуваше за една инвестиција, односно проектот Агрокор дека ќе се случи во Македонија, како и многу други ветувања на оваа Влада, видовме дека тоа е сеење на прашина, но ако Владата е неспособна да реализира еден таков проект за еден откупен центар на земјоделски производи, не можам да сфатам како сега со овие мерки, освен што нема откупен центар за земјоделските производи, сега се загрозува дури и пласманот на земјоделските производи на пазарите. Џабе коеги пратеници од ВМРО ДПМНЕ ви се приказните за реформите, џабе ви е битката која што се води наводно за земјоделците од поддржувачите на Владата на Груевски, а ја гледаме нормало, секој ден по медиумите. Единствено останува како солуција, како решение, верувам дека тогаш можеби ќе ви биде јасно, ако се соберат и земјоделците и бизнисмените и пазарџиите во Скопје и низ другите патишта во Република Македонија, за да се соочите со какви штетни мерки настапувате по овие Предлог измени во Законот за трговија. Но, очигледно почитувани колеги, овие казни и глоби во нашава држава станаа цел самите за себе. Јасно е дека власта воопшто нема намера вистински да ги регулира состојбите во државата, односно, едноставно кажано да ги решава актуелните проблеми. Целта е по секој можен основ да се приграби што е можно повеќе пари, да се наполни Буџетот, енормно високиот проектиран Буџет за оваа година и Владата да се биде релаксирана, односно задоволна да може да се прави спотови, да се рекламира на телевизија, односно да се прикажува многу успешна. Ваквите решенија кои што ги предлагате се уште едни од најранливите, кои што директно ќе влијаат на најранливата категорија граѓани во Република Македонија. Ваквите решенија, можат само да го зголемат бројот на социјалните случаи и ништо повеќе. Со вакви закони, практично Владата им го одзема единствениот извор на какви такви приходи на илјадници семејства и можеби во еден краток период да бидат на улица.

Сакам да ве потсетам колеги пратеници од парламентарното мнозинство дека неодамна вице премиерот Ставрески им порача на просветарите. Рече: “Душата да ми ја земете, пари нема”. Не можам да разберам зошто со овие мерки сакате да им ја земете душата на сето она што им остана на пазарџиите. Значи, дефинитивно ќе биде така. Тие едвај прекрпуваат крај со крај за еден нормален живот би го нарекол, иако денес е многу тешко да се каже што е нормален живот во Република Македонија.

Искрено убеден сум дека овој Предлог Закон, или овие измени и дополнувања не е дело на министерот за економија, кого навистина високо го ценам како економист, иако на расправата која што ја имавме на Комисијата ги одби предложените амандмани. Знам дека е ставен во една непријатна ситуација да брани еден ваков закон, кој што дефинитивно му е наметнат од страна на ВМРО ДПМНЕ. Ова претпоставувам дека е еден притисок од страна на ВМРО ДПМНЕ врз министрите на ДУИ. Но за жал, таква е фактичката состојба, енормно висок Буџет во Македонија мора да се наполни, тоа ќе се прави повторно на шета на граѓаните и затоа поради сите овие причини, пратеничката група на СДСМ ќе гласа против овој Закон. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** За реплика се пријави г-динот Андов Стојан, повелете.

**Стојан Андов:** Г-ѓо потпретседателке, јас би го прашал г-динот Горан Минчев, тој патува насекаде, дали некаде нашол зелен пазар каде се фискализирани тезгите.

Јас морав да ви кажам дека не е така.Еве одете во Солун, одете во Кукуш, никаде нема фискализиран пазар. Одете таму, близу ви е, само востанието таму ве плаши, ама да имаше фискализација таму, сигурно порано востанието ќе избиеше. Тоа не се мерки кои ќе ја средат нашата економија. Се наоѓа начин како да платат такси, даноци, дали има или нема итн., ќе се најде некое чаре. Нема фискални каси. Точно е тоа дека во продавниците за риби имаат фискални каси. За зеленчук нема. Секогаш одам таму и никаде не сум го видел тоа. Само штета ќе направите, ништо друго. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам. Колеги предлагам да завршиме. Имаме уште една реплика и контра реплика, па ќе одиме на пауза. Паузата ќе ја продолжиме онолку колку сега ќе одземеме од времето.

За контра реплика се јави Минчев Горан, повелете.

**Горан Минчев.**

Благодарам потпретседателке, благодарам г-дине Андов. Токму тоа јас во мојата дискусија го велам дека апсолутно немаме пример каде зелените пазари се фискализирани. Меѓутоа, оваа власт има намера само со сите овие потези и мерки кои што ги прави да се го наполни енормно високиот буџет за оваа година. Иако и според сите овие мерки и глоби кои што ги предвидува, сметам дека нема тоа да го направи. Инаку во прилог на тоа што велите, веќе имавме со некои изјави и барање на самите пазарџии, каде што се согласуваат одреден паушал да плаќаат за сето она што го продаваат за една година. Меѓутоа, за жал, не најде на добар слух кај Владата. Благодарам.

**Светлана Јакимовска**: Благодарам.

Реплика има г-дин Ратко Димитровски, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам почитувана потпретседателке.

Јас би го потсетил колегата Минчев на она што се дискутираше на самата Комисија за економски прашања а тоа е дека ние сме должни како Собрание и како држава и како Влада да го усогласиме текстот на Законот за трговија со текстот на Законот за прекршоци. Значи, во овој конкретниот случај се работи токму за таква работа во кој што се кажани сите тие работи и према кој Закон се усогласуваат повеќето односно сите закони се должни да се усогласат. Тоа е едната работа.

Втората работа, би го запрашал колегата Минчев, дали Социјал демократскиот сојуз се залага за легализирање на прекршоците, заради тоа што беше кажано дека ова не е цел да се применуваат казните кои што се предвидени со овие прекршочни мерки, туку е целта да се сузбие сивата економија и да се натераат луѓето да си ја работаат работата онака како што е, заради тоа што ниеден закон за прекршоци не предвидува да тој се применува.

Нормално е, реално е, да тие мерки кои што се преземаат направат да луѓето односно оние кои што треба да го почитуваат Законот, го почитуваат што е можно во поголема мерка. Така беше дискутирано, и така беше објаснето. Незнам зошто се залага, дали ако ги намалиме, ако ги преполовиме, ако ги доведеме на една десетина казните кои што ги предлага колегата Минчев, дали тогаш ќе биде задоволството кај него и кај неговите истомисленици. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика г-динот Минчев Горан, повелете

**Горан Минчев:** Благодарам потпретседателке.

Колега Димитровски во недостаток на аргументи повторно одете со една теза дека ние сме против сивата односно за поттикнување на сивата економија. Ако е така како што велите незнам од кои причини не беа прифатени амандманите од страна на СДСМ на самата Комисија. Значи, ние не велиме да нема мерки, ние само велиме тие мерки да соодвествуваат со актуелната економско финансиска состојба во овој момент во Република Македонија. Ако вие како личност имате големи примања, има голем број на граѓани кои што не се соочуваат со таквите финансиски приходи како вие, затоа предложивме амандман каде што велиме да биде симболична глобата или пак казната и да соодвествува со актуелната состојба во Република Македонија.

Само за потсетување минатите измени кои што ги имавте, во истиот закон, на самата седница предложивте амандман со кој што лиценцата за трговија ја зголемивте од 5 илјади на 20 илјади. Затоа сега сме соочени со голем број на барања од стопанските комори за затварање на повеќе од 1000 дуќани.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам г-дин Минчев

Г-дин министер за економија, за што сте пријавени? За говор немате право. За реплика? Повелете г-динот министер за економија.

**Фатмир Бесими:** Благодарам.

Јас се јавив поради тоа што бев спомнат во образлагањето на г-динот Минчев, во контекст на тоа дека министерот за економија е под притисок на ВРМРО ДПМНЕ, или Владата и дека тоа е така. Сакам тоа да то демантирам. И во однос на овој предлог денес јас сум тука како претставник на Владата во име на Министер-ството за економија да ги презентирам овие измени на Законот. Јас на почетокот не се пријавив за образлагање, затоа што сметав дека на Комисија тоа го сторивме. Имаше дискусија по амандманите, по измените на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија и по амандманите. Тогаш беше укажано дека овие измени ги предлагаме со цел да се влијае, да се зголеми дополнителниот трошок, односно ризикот на тие што влегуваат, настојуваат да направат одреден прекршок од различни причини и тоа беше во делот на организаторите на пазарите. Додека за тие што внатре ги вршат своите дејности, нормално дека ние ги следиме, имаме контакти со стопанските комори и со занаетчиите кои ги вршат тие активности и по тоа дискутираме во Министерството за економија за понатаму да видиме кои би биле соодветните решенија, или ова како што е сега може да функционира. Значи, ова е во делот на организаторите на пазарот.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика г-динот Горан Минчев.

**Горан Минчев:** Благодарам потпретседателке. Г-дине Бесими, бевме коалициони партнери и навистина и во мојот говор кажав дека високо ја ценам вашата професионална стручност и вашата економска способност. Длабоко сум

убеден дека не сте поддржувач на вакви Предлог измени и мерки во Законот за трговија. Од тука го влечам логичното решение дека ова ви е наметнато можеби во коалиционата Влада, затоа што навистина добро знаете дека е неизводливо да се примени. Меѓутоа, исто така, ќе ве потсетиме, откако ќе стапи во сила овој закон, тогаќ вас ќе ве прозиваме како министер за економија за спроведување на овој закон. Тогаш ќе видиме дали сите зелени пазари се фискализирани и регистрирани и дали функционираат овие Предлог измени, мерки.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам

Бидејќи не е поднесен дополнителен Предлог на Закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на гласање по Предлогот на Законот во целина.

Предлогот на Законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупна гласаа 65 пратеници.

За Предлогот гласаа 54, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 11 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија.

Објавувам пауза.

Продолжуваме во 15, 10 часот.

(пауза од 14,10 часот)

(По паузата седницата почна во 15,20 часот)

**Трајко Вељаноски:**

**Минуваме на точката 11 - Предлог на закон за претварање на побарувањата ба Република Македонија по основа на давачки во траен влог во друштвата АД Органско хемиска индустрија Наум Наумовски - Борче Скопје, АД истражување, проектирање, производство и изградба на енергетски инустриски објекти со полна одговорност ЕМО - Охрид, Тутунски Комбинат АД Прилеп и Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозити АД Прилеп, по скратена постапка, второ и трето читање.**

Извештаите и дописот на Комисијата за економски прашања како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за економски прашања како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнителен предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Ги повикувам преставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Во име на пратеничката група на СДСМ збор побара господинот Сугаревски Горан, во име на пратеничката група на ЛДП НА господинот Манасијевски Горан.

Има збор господинот Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски**: Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Веднаш на почеток би сакал да кажам дека пратеничката група на СДСМ и вклучително јас како пратеник ќе го подржиме овој закон. меѓутоа сакам да кажам неколку работи, конкретно за двете фирми кои што се засегнати со овој закон тоа Тутунскиот Комбинат во Прилеп и Еурокомпозит Прилеп.

Гледајќи ја ситуацијата и носењето на овој закон би сакал да кажам дека треба  конкретно, тука е министерот за економија. Прво треба да се погледне реалната состојба што конктретно се случува во овие две фирми, односно што се случуваше во изминатиот период, инаку како мерка е добра оваа мерка што се носи се со цел да се ублажат состојбите кои што ги има во овие две фирми.

Инаку би сакал да кажам дека Тутунскиот Комбинат е фирма која што поодамна броеше и повеќе од 2 илјади вработени, сега моментално има околу 1200-1300 вработени, додека Еурокомпозит има околу 400 вработени.

Пред 25 месеци кога ВМРО ДПМНЕ победи на изборите дојде една гарнитура, односно еден менаџерски тим во Тутунскиот Комбинат кој што апсолутно немаше никакви познавања од областа на тутунот и на тутунската индустрија. Иако ние во изминативе 25 месеци укажувавме за катастрофалните состојби кои што се случуваат во Тутунскиот Комбинат, сепак исто така и во изборната кампања каде што предочивме дека овие состојби во Тутунскиот Комбинат се апсолутно лоши тогаш не убедуваше владеачкото мнозинство тогашно  и сегашно дека состојбите се добри и дека ова раководство на Тутунскиот Комбинат ќе напарви тие состојби уште повеќе да се подобрат.

За жал, морам да констатирам не само што тие состојбите не се подобрија, апсолутно се влошија. Тука би го потенцирал драстичното намалување на производството на цигари во изминатиот период. Исто така,  откупот, односно извозот на цигарите кој што практично не постои, а исто така тука би сакал да надоврзам нешто со што веројатно тогашниот менаџерски тим сметаше дека ќе ја подобри ситуацијата во Тутунскиот Комбинат со тоа што им ја намали платата на вработените некаде за повеќе од 20% или околу 5000 денари по еден вработен. Претпоставувам дека тие мерки што тогашниот менаџерски тим ги превзеде ќе вродеа со некаков плод, меѓутоа за жал морам да констатирам дека не вродија со плод. И сега кога поминаа 25 месеци тој менаџерски тим или тоа раководство на Тутунскиот Комбинат поднесе оставка. Никогаш ниту еден од нив не излезе или немаше доблест да излезе и да каже што направи во изминатите

25 месеци во Тутунскиот Комбинат, напротив ја поднесоа оставката и заминаа од Прилеп. Претежно членовите на тој менџерски тим не беа од општина Прилеп, најмногу членови на тој менџерски тим беа од Скопје и за жал ниту еден од нив не слушнавме што во изминатите 25 месеци направија во Тутунскиот Комбинат.

Морам да консатирам дека по доаѓањето на новото раководсвто исто така ние како пратеници кои што произлегуваме од општина Прилеп побарав од новото раководство да излезе со својот план на активности со кои што смета дека ќе се справи со овие потешкотии и проблеми кои што ги има Тутунскиот Комбинат. Но за жал, еве поминува еден месец никој од нив вклучително и генералниот директор не излегува со своја програма, план ниту пред вработените ниту пред општината да каже како мисли да се справува со состојбите во Тутунскиот Комбинат. Тука морам да потенцирам една работа.

Како што кажав на почеток мерката е добра, меѓутоа што од јануари, од февруари месец натаму произлезе и натаму тутунскиот комбинат да продолжи да прави загуби, дали државата секој месец, или по изминатиот временски период ќе прави траен влог во Тутунскиот комбинат со оние загуби кои како комбинатот ги прави, или ги правел во минатиот период, или пак постојат некои други мерки со кои што веројатно во нивниот план ќе ги кажат дека очекуваат да имаат зголемено производство, за разлика од ова намалено производство кое што го имаше од преку 50%. Дали прави напор извозот на цигари на таа фирма конкретно ќе се подобри или ќе остане на ова како што е моменталната ситуација практично да не постои.

Исто така сакам околу откупот на тутунот да кажам.

Минатата година некаде околу милион и шестотини килограми тутун е откупен, за разлика од пред неколку години кога се откупуваше околу 3 милиони килограми тутун, а исто така да цената на тутунот на тој што беше откупен, иако на Комисијата за финансирање и буџет слушанвме паушални оценки од типот дека се откупувал од цена од 180, 200 или 220 денари, за жал морам да констатирам дека откупната цена беше околу 120 денари во изминатиот период.

Исто така како прва мерка што ја направија тогаш беше намалувањето на платите на вработените и ако таа мерка се покажеше добра можеби ќе тргнеа работите. За жал, не се покажа таа мерка како добра и остана само така. Зошто, можеби една од мерките овој закон требаше да биде и тие дел од 20% кои што им беа намалени односно во нивните акции да влезат како траен влог.

Околу Еурокомпозит само кратко би кажал околу овој дел. Значи пред неколку месеци исто така се изврши партиска смена на директори и морам да потенцирам тука е и ресорниот министер за економија, доколку има да одговори, доколку знае да одговори, ме интересира колку од мај месец со новот раководство на Еурокомпозит се склучени за работа се со цел за подобрување на тие состојби.

Инаку на крајот пак би сакал да кажам дека СДСМ, вклучително и јас како пратеник ќе го подржиме овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Оливер Деркоски, повелете.

**Оливер Деркоски**: Благодарам претседателе.

Сакам да ја искористам оваа прилика да го поздравам донесувањето на овој закон. Една благодарност од страна на граѓаните на Прилеп затоа што двете фирми на кој што се однесува овој закон се извонредно значајни за стопанството во градот Прилеп. Вработуваат скоро 2000 луѓе и е многу значајно што се носи овој закон.

Сега сакам да му реплицирам на колегата Сугаревски во делот што иако Предлогот на законот се однесувана сосема друга работа тој се осврна во неговиот говор најмногу за работањето на Тутунскиот Комбинат Прилеп во последните 24, 25 месеци и наведе ммногу паушални, би рекол така наводи, затоа што состојбат во Тутунскиот комбинат не е таква какп што наведе тој дека е.

Имено, Тутнскиот комбинат Прилпел како фирма западната е во долгиви повеќе години наназад, состојаба е таква десетина години нанзад и тешко можеше било кој да се справи со таа состојба, а не овој менаџерски тим, или било кој друг менаџерски тим.

Меѓутоа, има една голема разлика. Тутунскиот комбинат Прилеп до 2006 година кога доаѓаше откупната сезона за тутун купувеше тутун до 2006 година со пари на државата. Министерство за финансии се јавуваше како гарант, Тутунскио комбинат подигаше кредити од комерцијалните банки, кредитот го трошеше, го откупуваше тутунот и кредитот не го враќаше, Министерство за финансии го враќаше тој кредит. Значи, се задолжуваше фирмата. На тој начин створени се обрски спрема комерцијалните банки скоро 25 милиони евра.

Исто така мораме да споменеме, јавноста мора да знае дека од мај 2003 година до ноември 2006 година не е платен ниту еден денар ДДВ спрема државата, не е палтено добивак спрема државата освен во еден наврат кога државата самамта вршеше присилна наплата во фирмата и во тој момент наплати околу 250 милиони денари. Значи, јавноста мора да знае кој се фактите за Тутунскиот комбинат.

Во период од изминативе две години Тутунскио комбинат Прилеп откупи тутун оноклу колку што можеше со сопствени средства. Значи, ги оберзбедуваШе средствата , го откупуваше тутунот, го продаваше на познат откупувач тутунот преработен, ферментиран и потоа кредитот кој што го земаше беше враЌан. значи, во изминатите две години воопшто не се задолжи на начинот на кој што се задложуваше во претхопдниот период.

Ако некој има докази за таканареченото “криминално работење” на менаџерскиот тим во изминатиот преиод треба јавно да гго каже , а не паушално да говори на говорница.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски**: Во делот на тој менаџерски тим господине Дерковски во текот на изборната камања вие како партија ВМРО ДПМНЕ трвдевте дека манеџерскиот тим во Тутунскио комбинат успешно се справува со сите проблеми.

Имам директно прашање, на кое што, еве и Панче Дамевски има прашање, да ми одговори зошто ако толкуб успешенио се справувало изминативе 24, 25 месеци поднсоа оставка и не излегоа да кажат во каква состојба го оставаатр Тутунскиот комбинат. Зошто ако е нешто успешно би менувале. Тоа не ми е никако јасно . да излезеше генаралниот директор и да каже во во каква сосотојба и од тие причини ние го напуштаме. Не станува збор за некаква добра волја, сигурно вие како партија имате увидено дека апсолутно бевте во грешка изминатите 24-25 месеци дека добро работи комбинатот и веројатно поваравте ајде да не биде од типот на разрешивање да биде со поднесување на оставка. Не гледам причина ако нешто добро функционира зошто да си оди.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески**: Благодарам претседателе.

Како пратеник од Прилеп би сакал и јас да го поздравам доенсувањето на овој закон .

Да изразам благодарност пред се од вработените во Тутнскиот комбинат Прилеп и од цела општина Прилеп, бидејќи единствено оваа Влада покажа слух за проблемите напластени во Тутунскиот комбинат и понуди решение кое е реална можност, реална шанса вој некогаШен гигант повтроно да се врати на старите патеки .

Чудно ми е што оние кои што ги направија пробелмите во Туитунскио комбинат Прилеп сега се прашуваат и зборуваат и против минатато раководства и бараат отчет за работата на новото раководство, бидејќи знаеме каде е нивниот менеџески тим, нинвниот партиски менаџерски тим господине Сугаревски.

Значи, покренато е обвинување против сите нменаџери кои го поставивте вие за време на ваШето владеење и се надевам дека наскоро ќе имаме судска завршница за оптужбите за вашиот менаџерски тим.

За среќа во Тутунскиот комбинат Прилеп нема повеќе шверц на цигари, за среќа во Тутунскиот комбинат Прилеп се стабилизира финансиското работање за разлика од времето кога вашиотменаџерски тим правеше по 15 милиони евра годишна загуба, овие две години дплгот воопшто не се зголеми.

За среќа во Тутунскиот комбинат Прилеп сите вработени имаа редовни плати и редовно платени придонеси. За среќа во Тутунскиот комбинат Прилеп и на сите коопераанти откупот помина без никаков проблем со наврено испалтени средства, како што рече колегата Деркоски, со вратени средствaза земените кредити, а како врвеше вашиот откуп можете да се сетите нам сцените од 2006 година кога сите коопренти беа принудени со протести да ги бараат своите пари.

Вашиот менаџерски тим господине Сугаревски отпкупениот тутун по 130 денари го продаваШе за 70 денари. За разлика од тоа овие две години за откупне тутун просечба цена 135 денари се продаваше по 200 денари. Затоа би било подобро да не зборувате многу за Тутунскиот комбинат Прилеп бидејќи единствен виновник како политичка опција е СДСМ, затоа што Тутунскиот комбинат Прилеп од еден гигант го направија фирма пред ликвидација која за среќа со овој закон, со овие мерки се надевам дека повторно ќе го достигне нивото. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски**: Во тој дел нема да реплицирам, ќе реплицирам, само јас сум пратеник во Собранието на Република Македонија, не сум ниту истражен орган, а најмалку законодавната власт сакам да биде и судска власт, затоа што како што велите вие секој предмеет нормални ви имал, меѓутоа сакам да прашама зошто цело време избегнувате да одговорите на следното прашање.

Зошто ако било успешно ова раководство си оди.

Второ, дали успехот на ова раководство во изминатите 25 месеци 20% плата на вработените ја намалија. Дали тоа беше една од мерките која што ја направо тој менаџерски тим што дојде во 2006 година за подобрување на состојбитер.

Колку милиони евра има загуби направено ова раководство. Зошто си оди доколку било успешно ова раководство. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски**: Благодарам господине претседателе, почитуван господине министре, почитувани колеги.

Имаме пред нас едно решение кое што е нужно, кое што требаше да биде и порано да биде порано донесено и жалосно е што не Беше порано донесено и се разбира како такво ќе добие подршка од нашата пратеничка група и од мене лично.

Меѓутоа, погрешна е претставата што тука сака да се создаде дека ова е решение за овие стопански субјекти. Ова не е решение за овие стопански субјекти. Ова е само создавање на уште еден услов евентуално да се дојде до решение. Проблемите во сите овие 4 субјекти не се од вчера, беше истакнато, тие имаат подолга

историја оттаму обидот на Владата ова решение да ни го продаде како дел од вкупното соочување со економската криза е лицемерен и лажен. Проблемите на сите овие 4 фирми не се од актуелната економска криза, тоа се проблеми што се влечат години station наназад и мислам дека не е чесно, не е во ред ова да се шверцува под ознаката помош на Владата за соочување со економската криза. Проблемите што ги имаме во овие компании се многу длабоки и тие не се врзани со сегашнава економска криза. Добро ако оваа економска криза ја потикнала Владата да превземе еден ваков чекор, меѓутоа немоојте да се служиме непотребно и да употребуваме лаги кога за ова решние има апсолутна подршка во целиот Парламент од сите пратенички групи.

Исто така би апелирал до пратениците особено од Прилеп, гледам дека се напаѓате меѓу себе се плукате, нема потреба не сте вие колеги пратеници виновни, ниту вие од ВМРО ДПМНЕ, ниту вие од СДСМ. Виновна е Владата што нема концепт.

Јас би рекол дека не се виновни дури ни менаџерските тимови затоа што оној што требаше да понуди концепт за излез од кризата во сите овие претпријатија е Владата. Па сетете се на изјавите на митинзите на премиерот Груевски во 2006 година, сетете се што говореше во Прилеп, што говореше во Охрид, што говореше во Скопје, тука, во врска со ОХИС. Две ипол години имаше време оваа Влада да покаже дали има идеја, нема никаква идеја, никаков план и тоа е проблемот. Проблемот е што Владата, иако ветуваше дека многу лесно, небаре прекуноќ ќе ги реши овие проблеми, се виде дека се нема план за решавање на овие тешки проблеми. Јас не велам дека е лесно да се најде решение, меѓутоа треба да си признаете колеги, ова е добра прилика да станете и да кажете и да се извините на граѓаните на Прилеп, на Охрид, и да кажете - се излажавме ние од ВМРО-ДПМНЕ мислмевме дека ова лесно се решава, но проблемот е подлабок и потежок. Тоа е еден коректен пристап и пристап на отчетност што барем декларативно го форсирате.

Значи, проблемот е што Владата не понуди никаков проект. Имавме некое замачкување очи со редица неуспешни тендери каде што ниту условите беа јасни, впрочем поголема индиција дека е апсолутно промашен концептот немате од фактот дека на овие тендери не се јави ниту еден заинтересиран. Значи не го барајте почитувани пратеници проблемот меѓусебе, не го барајте дури ни во менаџерските тимови, барајте го во Владата и во одговорниот во Владата за оваа работа, вицепремиерот Ставрески.

Јас се сеќавам многу добро и во поранешниот состав, тогашниот министер за економија Рафајловска беше апсолутно изолирана од сите овие случувања. Банката ја држеше вицепремиерот Ставрески. И се расфрлаше со изјави дека има решенија, дека еве, денес, утре ќе го решиме ЕМО, ќе го решиме ОХИС, ќе најдеме инвеститори во Прилеп, ништо.

Тука сега треба да биде заменик претседателот на Владата Ставрески, да објасни како се што ќе каже треба обратно да го сфаќаме, како ништо од тоа не се остварува. Две ипол години слушаме дека ќе најде решение, но ништо. Говореше на една претходна седница еден друг опозиционен пратеник година ипол не мафта дека дека клинишкиот долг со Русија ќе го заврши, ништо. Лаги, “Потемкинови села”.

Меѓутоа проблемот точно треба да се лоцира, проблемот е во Владата и во тоа што некомпетентни луѓе, луѓе кои не им е во ресорот се мешаат и се обидуваат да ги решаваат овие проблеми. Најмалку беше Министерството за економија инволвирано во изминативе две години. Се надевам дека сега со новиот министер за економија ќе бидат подобрени состојбите, меѓутоа како што мене ми изгледа повторно Министерството за економија е надвор од игра и повторно министерот за економија последен во Владата дознава што се случува во овие комбинации. Наместо концепт за излез од оваа криза и за санација на овие претпријатијата, Владата што примени: сила, став, почна да апси. Кажете ми кој е резултатот што ги држевте оние јадници од управниот одбор од ОХИС во притов и во затвор? Подобра е состојбата во ОХИС? Влошена е. Што направи овој менаџерски тим, втор или трет по ред што го поставува Владата во ОХИС? Катастрофа. Сега веројатно се молите да го вратите Ќука и неговиот менаџерски тим таму. Затоа што проблемите се продлабочени.

Што ви се случува во Еурокомпозит во Прилеп, се води жестока битка во две групации во Владата, едната предводена од вицепремиерот Ставрески, другата од претседателот на управниот одбор Владо Поповски. Жестока битка. Што стои позади тоа ќе каже времето. Меѓутоа нема концепт за излез од кризата. Напротив, како хиени се јадете меѓу себе. Вие од таборот на владеачката партија. Така не може да се најде излез од кризата. За тутунскиот комбинат во Прилеп не сакам да говорам беше на долго и на широко говорено.

Значи немојте оваа седница да ја користиме повторно да испраќаме лажни пораки дека еве ги решенијата за овие фирми. Не се ова решенија. Ова е само почетен потег што ќе дадем малку поширок маневарски простор да се најде стратешки инвеститор. Меѓутоа, ако се продолжи да се работи вака како што досега Ставрески ја тераше работата, ќе имаме уште многу неуспешни тендери и натамошно пропаѓање и губење на вредноста на секоја од овие фирми.

Затоа немојте повторно да ветувате лесни решенија и лесни брзини. Проблемите се тешки. Што ви треба како подршка од опозицијата ќе ви биде дадено, во смисла на носење добри идеи, добри проекти. Меѓутоа дајте, тргнете го Ставрески од овие проекти. Тој ги закопа овие проекти. Дозволете им на луѓето во Министерството за економија да работат. Не ги тргајте на страна. Одговорно тврдам дека овие две ипол години Министерството за економија

беше комплетно тргнато на страна, како ресорен орган, како некој што е надлежен по Законот да се грижи за трансформацијата на овие претпријатија. Не меѓу себе да се напаѓаме. виновниците се тука и не се присутни. На прво место вицепремиерот Ставрески. Две ипол години не нуди концепт или сите концепти што ги нуди пропаѓаат. Не дозволува на ресорните органи да си ја работат работата.

Затоа, уште еднаш го подржувам ова решение. Ова е само прв чекор да се обидеме да ги санираме состојбите. Крупниот, најбитниот чекор, јас очекувам можеби сега, во оваа можност министерот за економија кратко да ни образложи или во некоја наредна прилика да ни каже што ќе преземе ресорниот орган за решавање на овие проблеми.

И уште нешто. Невозможноста на оваа Влада и комплетниот неуспех, барем една од овие 4 фирми да санира, говори дека оваа Влада апсолутно нема никаков резултат во соочувањето на предизвиците од реалниот сектор, што ова е реалната економија.

Со право, почитувани колеги од ВМРО-ДПМНЕ ја критикувавте претходната Влада. И таа не најде решение. Меѓутоа, денеска треба да понесете одговорност, поминаа две ипол години. Како, на лесно ветената брзина немате никаков резултат, туку напротив, во најголем дел од овие компании работењето е влошено.

Не ми е драго, за жал, ова што го зборувам, меѓутоа ова е најдобар индикатор дека политиката на Владата кон реалниот сектор до сега доживеа целосно фијаско. Велам, се надевам дека со новиот министер, ако му дозволат да работи, дел од овие грешки ќе бидат надминати. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика госпоѓа Кипаризовска Крстевска Анита, повелете.

**Анита Кипаризовска Крстевска:** Благодарам претседателе.

Го поздравувам на почетокот тоа што господинот Јован Манасијевски го подржува доставениот Предлог закон за претворање на побарувањето на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во претходно цитираните друштва и напротив, за разлика од него сметам, иако го подржувам, искажа бројни недостатоци што се смета дека се во овој Предлог-закон.

За разлика од него, јас сметам дека е добро што се носи и токму во овој момент ваков Предлог закон за претворање на побарувањето на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог.

На овој начин Владата особено покажа дека води сериозна грижа за овие претпријатија и има за цел да создаде што поповолни услови за нивно понатамошно работење и егзистирање. Со овој потег, сметам дека се прави значително финансиско олеснување за 4-те македонски компании и во голема мерка сметам дека ќе бидат поатрактивни за странски инвеститори. Тоа е токму нудење на концепт во решавањето на проблемите што се настанати во овие компании.

Воедно, со ова Владата упатува јасна порака до странски инвеститори, евентуални купувачи на акции на претходно споменатите компании што се понудени на продажба, дека тоа можат да бидат сериозни фирми, што имаат сериозни намери за инвестирање и подобрување на бизнисот. Тоа секако ви е јасно и вам господине Манасијевски и би придонело до зголемување на конкурентската способност на компаниите на домашниот и странскиот пазар.

Сметам и особено го поздравувам донесувањето на овој Предлог-закон токму за едната од 4-те компании, ЕМО Охрид, бидејќи потекнувам и јас од Охрид, а претходно сум работела во овој гигант и особено ми е јасно што значи за Охрид и охридско.

Инаку, би ве информирала дека овој македонски производител на електро опрема, имаме токму специфична ситуација и акционерскиот капитал, каде Владата имаше 42%, односно не беше мнозински пакетот на акции што го поседуваше, можеби беше еден од неуспесите за пропаѓањето на претходните тендери. Сметам дека со донесувањето на оваа мерка, Владата особено ќе направи значителен чекор, за тоа што ќе дојде до процент од околу 60% на акции во основната главнина во ЕМО каде има Фондот за ПИОМ и така ќе биде понуден на добар странски инвеститор овој капитал на АД ЕМО Охрид. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Пред се, убаво е да се слушне вашиот глас во Собраниево почитувана колешке Кипаризовска и се надевам дека во иднина, со оглед дека е во тек жестока внатрепартиска борба за кандидат за градоначалник во Охрид ќе имаме можност почесто да ве слушнеме со вашите излагања, се разбира и вас и почитуваниот колега Грозданов. Ние, што можеме да помогнеме во таа ваша битка, ќе помогнеме.

**Трајко Вељаноски:** Не треба грижа за тоа госпдине Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Мора да водиме грижа, колеги сме, еден за друг.

Инаку, госпоѓо Кипаризовска јас не реков дека има недостатоци. Нема недостатоци во овој закон. Овој закон е добар. Само си резонирам ако две ипол години ви требаше дека една ваква техничка операција треба да преземете во стартот, уште колку време ќе ви треба барем еден од тие четири проблеми да решите. За 2,5 години ниту една од четирите компании не решивте. Колку години се потребни, 10, 15, 20 години, како што предложи вчера вашата колешка од Прилеп. Чекаме.

**Трајко Вељаноски:** Реплика господинот Дерковски Оливер.

**Оливер Дерковски:** Благодарам претседателе.

На господинот Мансијевски сакам да му реплицирам во еден дел од дискусијата. Се сегласивме дека сепак е добро решение што го предлага Владата, меѓутоа, воедно треба да се согласите и вие дека за решение во економијата треба малку подолго време. Да направите добри анализи пред да преземете некој чекор. Можеби 2,5 години изгледаат многу, меѓутоа мислам дека е добар потегот и иницирањето на решавање на овие проблеми и треба да се поздрави овој потег.

Инаку, што се однесува на фирмата што е спомната, ЕУРОКОМПОЗИТ од Прилеп, можам да ве известам слободно и одговорно дека таму, за прв пат после 8 години вработените почнаа да земаат плата на најнормален начин, со платени придонеси во изминатите месеци сметката нормално функционира, а во изминатите 6 или 7 години таа компанија немаше сметка господине Манасијевски. Немаше отворено сметка како сите други нормални фирми во оваа држава. Се толерираше таквото работење на менаџерот на таа компанија, иако денеска сме сведоци дека во Република Македонија за таквото работење имаше и кривични пријави, дури и пресуди за некои случаи.

Сакам да ви кажам дека таа компанија одлично тргна и дека сега, овој потег на Владата е за поздравување, затоа што само дополнително ќе ја подобри ситуацијата во таа компанија.

Како дополнување на оваа реплика сакам да му одговорам на господинот Сугаревски кој праша колку договори има склучено таа компанија во претходнава година, можам слободно да го известам дека има склучено повеќе договори од минатиот период, дека обртот на капиталот во таа компанија е за дупло поголем од минатиот период и дека таа компанија ќе биде многу поатрактивна што понатаму следува, односно приватизација на капиталот во таа фирма. Затоа што знаеме дека државата е лош стопанственик и мора на некој начин да ги решава овие проблеми. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Јован Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Повторно не се разбираме.

Сите ја подржуваме оваа мерка. Немаме ниту една забелешка на оваа мерка. Меѓутоа ве прашувам како сјајниот економски тим Груевски-Ставрески и останатите им требаше 2,5 години за да го види овој прв нужен чекор.

И сега велите тендерите за продажба не успеале затоа што ова била една од причините, затоа што капиталот не бил групиран. Дали му требаше 2,5 години на тој сјаен економски тим да ја сфати оваа елементарна работа? За тоа говориме.

Не говоревте вака во кампањата. Во кампањата велевте - брзо ќе го решиме, веднаш, 6 месеци, година дена. Сега, како поминува времето вие барате уште повеќе време.

И да, добредојдовте во реалноста. Треба време да се решаваат проблемите. Меѓутоа, треба да соберете доблест и да се извините за таа лесно ветена брзина. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи не е поднесен дополнителен предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на закон во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, сите 64 гласале за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесен Законот за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во друштвата АД Органско хемиска индустрија “Наум Наумовски - Борче” Скопје, АД за истражување, проектирање, производство и изградба на енергетски индустриски објекти со полна одговорност ЕМО Охрид, Тутунски комбинат АД Прилеп и Друштво за производство на производи со посебна намена “11 Октимври”, ЕУРОКОМПОЗИТИ АД Прилеп.

**Минуваме на точка 12 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита по скратена постапка - второ и трето читање**

Извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, како матично работно тело, и на Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за труд и социјална политика, како матично тело и Законодавно-правна комисија не поднесоа дополнителен предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнителен Предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави, во име на пратеничката група госпоѓа Бендевска Весна.

Повелете, имате збор госпоѓа Бендевска Весна.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Дозволете да го елаборирам ставот на пратеничката група на СДС, иако во салава е тешко дека се обезбедува работна атмосфера...

**Трајко Вељаноски:** Ве молам тишина, да ја сослушаме колешката.

**Весна Бендевска:** Најпрво, дозволете многу кратко, нема да коментирам околу постапката во која се носат овие предлог на измени на постојниот Закон за социјална заштита, бидејќи секако, во овие моменти веќе успевате да обезбедите ред и дисциплина да можеме да работиме.

Предлогот за измена и дополнување на Законот за социјална заштита ќе ја добие подршката од пратеничката група на СДС и за тоа го известивме и претставникот на Владата, министерот за труд и социјална политика,  уште на одржувањето на седницата на матичното работно тело.

Дозволете, сосема на кратко и материјално да расправам околу ставот на СДС.

Она што ни го нудите како измени, господине министер, а значат унапредување на системот на социјална заштита во Република Македонија, го поздравуваме како идеа.

Она што вие го промовирате со цел да ја подобрите социјалната сигурност и да овозможите поголема заштита на семејствата што се наоѓаат во социјален ризик, предвидувате износот на еднократната парична помош, за новороденче, родителскиот додаток за дете и законската издршка на дете во висина од 30% од просечна плата, да не влегува веќе  во основ при остварување на правото на социјална парична помош и постојана парична помош, навистина ја имате нашата подршка. Добро е решението, добро е да се размислува дека на семејствата кои нависитна трпат социјален ризик да можеме да им олеснуваме согласно и претпоставиките на Уставот на Република Македонија, кој вели дека Републиката се грижи за социјалната сигурност на своите граѓани. Особено ве подржуваме во идеата  за право на еднократна парична помош во износ од 180 илјади денари за дете или младинец без родители и без родителска грижа, кој по наполнувањето  на својата 18 годишна возраст ќе ја добијат заради нивното адаптирање во социјалната средина.

Ваквите идеи заслужуваат подршка. Но дозволете да се задржам  и  на дилемите што ги имавме кога ги добивме вашите предлози.

Господине министер, социјалната заштита не смее, дозволете да повторам не смее да биде поле на евтин популизам. Ве прашавме да ги објасните и вашите наводи околу вашата проекција, дека 25 деца, младинци  без родители и родителска грижа годишно во Република Македонија наполнуваат 18 годишна возраст и ќе се стекнат со ова право, вие кажавте дека тоа е просечната бројка. Но, дозволете тоа е просечната бројка на деца и младинци кои се згрижени во институциите на системот и во згрижувачки семејства.

Дозволете уште еднаш да го поставам прашањето зошто повикувајќи се на правото на социјална сигурност и социјално осигурување сте се воделе по начелата на хуманизам, социјална правда и солидарност, ги заборавивте децата без родители и без родителска грижа кои се сместени во семејства на блиски роднини. Нашето прашање уште еднаш е бидејки колешката Иванова се обиде да поднесе и амандман на матичното работно тело.  Жалам што колегите од владеачкото мнозинство немаа разбирање. И затоа дозволете уште еднаш да ве прашам, зошто ги доведувате тие деца во неправедна состојба? Дали знаете господине министер дека социјалната заштита мора да биде востановена врз принципите на еднаквост и на недискриминации. Иако доцните со законот за заштита од дискриминација, господине претседател, говорам не само за важно прашање, туку говорам и за едно емотивно прашање. Дозволете колегите кои не се заинтересирани за ваквите решенија да не сметаат во работата на Парламентот.

**Трајко Вељаноски:** Колеги ве молам, за тишина да ја сослушаме колешката.

**Весна Бендевска:** Дали знаете господине министер дека се случува во Република Македонија деца младинци без родители кои конкурираат за добивање на стипендија, се одбиваат. Тие деца дозволете во рамките на нашата законска регулатива што обезбедува нивна еднаквост особено при социјалната заштита, сеуште не можете да обезбедите и механизми за навистина да кажеме дека Република Македонија се грижи за тие деца. Бидејки тие деца веќе навистина трпат заради својата судбина. И дозволете да ве упатам и доколку сакате да ви доставам имиња и презимиња на такви деца кои не добиле стипендија.

Што се однесува до  решението за еднокатна парична помош за новороденче родителски додаток за дете и издршка  на дете, дозволете да кажам и да ве потсетам на веќе легендарната кампања на Владата околу популационата политика. Ова е добро што обезбедувате систем на социјална заштита, на такви семејства. Ама ќе ве потсетам, вие исто така сте претставник на Владата, кога ќе говориме и за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, кога токму лицата кои ќе бидат на породилно боледување, значи на оние лица кои конечно ќе се осмелат потиканати од Владата да го зголемуваат своето семејство, ќе се соочат дека за периодот кога ќе го користат породилното боледување ќе биде намалена нивната пензиска основа. Премногу средства буџетски се потроши на кампањата. Раѓајте едно, две, три, четири деца. Републиката стои зад вас. Ама не е така. Оваа Влада претпоставувам дека за се што се одлучила да издвои од својот буџет, бидејки оваа Влада се однесува како Буџетот на граѓаните на Република Македонија да е потребен само да им обезбедува лична комоција на избрани функционери, ќе најде начин и тоа право што во еден случај го дава и да го одземе. Затоа кога гледам дека се грижите во системот на социјална заштита да обезбедите подобри услови на семејства кои ќе се одлучат да го зголемуваат своето семејство, ќе им го одземете правото да добиваат и еднаква пензиска основа како и другите, кои се разбира нема да потклекнат под силните медиумски удари на кампањата на Владата што се води под име на подобрување на популационата политика во Република Македонија. Но, сеедено. Сакав да го соопштам ставот дека ќе ја добивате секогаш подршката на

она што значи подобрување на социјалната заштита.особено на граѓаните подложни на социјален ризик, но бидете убедени дека во секој случај ваквите ваши пропусти околу селективна поделба на парична помош на деца без родители и родителска грижа, ќе бидете директно обвинувани согласно претпоставувам вашиот закон за заштита од дискреминација како една од одредбите што вие сте ги предложиле, а содржат дискриминаторни претпоставки. Затоа, за да не должам, се надевам дека ваквите забелешки навистина со должно внимание ќе ги проследите и во форма на нов предлог закон за измена и дополнување на Законот за социјална заштита ќе го доставите во собраниска процедура. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика министерот за труд и социјална политика, повелете.

Џелал Бајрами:Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, чувствувам должност да одговорам на поставеното прашање од почитуванта пратеничка госпоѓа Весна Бендевска. Во интерес на јавноста и во интерес на тоа да одговорам на прашањето, кажувам дека овие измени на Законот не се однесуваат на децата без родители и родителска грижа, туку се однесуваат на децата без родители и родителска грижа кои што се згрижени во јавни установи И се однесува на тоа дека по напуштање на јавните установи им се зголемува паричниот надоместок за десет пати. Значи, до сега тие деца добиваа по 300 евра, сега добиваат по 3 илајди евра по дете. И тие симулации, тој пресек е земен просечно по нашиве пресметки излегува дека тие јавни установи ги напуштаат приближно 25 деца. Тука не знам од кои причини беше спомнат и Законот за антидискриминација и се кажа нешто што не е вистина. Се кажа тоа дека истиот доцни со донесувањето. Да ве известам дека истиот не доцни, туку истиот е изготвен од наша страна, по истиот се одржуваат јавни трибини и тоа по сите поголеми градови тука во Републикава. Остана уште една јавна трибина во градот Скопје и веќе е во владина постапка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам..

Контра реплика госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Јас ќе прецизирам контра прашање на господинот министер.

Господине министре, зошто го спомнав Законот за заштита од дискриминација? Ве молам одговорете ми, зошто сметате дека децата без родители и родителска грижа кои се згрижени во институции се разликуваат во правото за социјална грижа од страна на Републиката, а се сместени во семејства на блиски роднини. И тоа е всушност основно прашање. Со кое право вршите дискриминација кон оваа група деца. И должни сте како министер да го соопштите и бројот на такви деца, деца без родители, без родителска грижа сместени кај блиски роднини. И дали не сметате дека и нив треба да им следува истиот надоместок еднократен за да можат и да се адаптираат во новите социјални услови во моментот кога ќе бидат полнолетни, кога ќе наполнат 18 години.

**Трајко Вељаноски:** Бидејки не е поднесен дополнет Предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминува на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Прелдогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници. Сите 57 гласаа за.

Пред да констатирам дали е полноважно гласањето молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 60 пратеници.

Гласањето не е полноважно.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Го повторувам гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници. Сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита.

Процедурално госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Мислам дека имате огромно мнозинство, двотретинско мнозинство и дека во последно време повторно се случува Собранието заради немање кворум не може да работи нормално онака како што вие баравте пред парламентарните избори 2008 година. Јас би ве замолила како претседател на ова Собрание да преземете мерки за присуство на сите пратеници овде, особено на пратениците од парламентарното мнозинство кои што наместо по караваните уште пред да се распишат изборите, локалните и претседателските, да си ја вршат работата, наместо по градовите да шетаат и да водат кампања предизборна на уште нераспишани избори, нека си седат овде во салата и да си ја вршат својата работа. Мислам дека не е фер овде ние да седиме опозицијата да седи и да прави постојано кворум и после да биде обвинувана повторно дека ги кочи процесите и преродбата во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Јас би сакал да кажам дека обврска да доаѓа и да работи во Собранието е на сите пратеници, без оглед на која пратеничка група спаѓа, дали на опозиција, или на мнозинство. Нормално дека власта има поголема одговорност, но сите имаме одговорност, вклучувајки ме мене и вас и сите други пратеници кои што се избрани од граѓаните на Република Македонија.

**Минуваме на точката 13 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за**

**работните односи, дополнет Предлог. Второ и трето читање.**

Дополнетиот Предлог на Комисијата за труд и социјална политика и ЗПК на Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи до колку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Во име на пратеничката група на ДУИ госпоѓа Зумрете Јакупи во име на пратеничката група на СДСМ Радмила Шекеринска и во име на пратеничката група на ЛДП госпоѓа Роза Топузова Каревска.

Има збор госпоѓа Зумрете Јакупи.

**Зумрете Јакупи:** Ви благодарам.

Почитувани колеги, со овој Предлог закон за измени и дополнување на Законот за работни односи се вршат неколку одредени измени за усогласувањето на Законот за работни односи со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување. Во врска со овие измени се вршат пресметки на платите на вработените која треба да се основа врз основа на бруто плата каде износот на нето плата и средствата од сите придонеси во врска со работниот однос меѓу кој учествува и надоместокот за храна и превоз, сите овие се пресметуваат во едно. Исто така, овој Закон се усогласува и со Законот за прекршоци во делот на утврдувањето на глоби. Како на пример, се интервенира во членот 264 во кој се нагласува пораст на глоби од 8 до 15 илјади евра во денарска противвредност за работодавци. Исто така во овој член се предвидуваат, во став 2 се утврдува и пораст на глоби од 5 на 10 илајди евра во денарска противвредност, ова е за физички лица. Додека за лицата кои се одговорни, или на правниот субјект казната се зголемува од 1 илјада до 7 илјади евра. И со овој Предлог закон, со овие измени се интервенира и во уредувањето на прекршочните постапки и прекршочните санкции каде се уредува прашањето за порамнување и посредување на разни прекршочни постапки. И поради оваа причина, бидејки се врши едно усогласување на Законот за работни односи со Законот за прекршоци, ние како Демократска унија за интеграција ќе го подржиме истиот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

**Радмила Шеќеринска :** Благодарам, почитуван претседателе.

Дозволете најпрво да го соопштам нашето несогласување според начинот на кој Владата на Република Македонија во континуитет го менува Уставот на работничките права , тоа е Законот за работни односи. Не постои нормална демократска држава ниту во Европа ниту во светот во која што за закон како што е Законот за работни односи нема постојан дијалог помеѓу Владата, работодавачите и синдикатите. Тоа за прв пат се случи во Македонија овој август овој јули кога одлучивте Собранието да го претворите во брза гласачка машина која што не ги дочитува законите, но секогаш и вели “вјерују на Владата”. И не ви беше доволно извештајот на Европската комисија не беа доволни ни критиките околу непостоечкиот економски социјален дијалог, власта продолжува понатаму. И Европскиот парламент и Европската комисија се обединија во критиката кон македонските власти дека заборавиле што значи зборот економско социјален дијалог. Обврска која што не е само наша обврска затоа што сме почнале процес на зачленување во Европската унија, туку заради тоа што истото сме го кажале и во нашиот устав. Законот за работни односи и сериозното намалување на работничките права го направивте преку ноќ , без читање на законите, без никаква консултација и затоа после тоа менување имаме уште две менувања на Законот за работни односи.Значи, дури и да содржината е таква каква што треба мислам дека Собранието треба да и покаже црвен картон на Владата и да каже дека нема да дозволи вакво однесување. Имено, уште во претходната верзија на измените на Законот за работни односи важни права на работниците беа намалени. Се интервенираше во правото на работникот за годишен одмор, се интервенираше во правото на работникот за храна и превоз,се интервенираше во правото на работникот за заштита на работното место и со тие измени на законот вие дадовте зелено светло секој да отпушта некого како стигне. Единственото што го заостривте тоа беше дека ако некој не биде пријавен работник глобата треба да ја плати и жртвата. Тоа е навистина редок случај. Ако имате насилие, ако после тоа го казните и оној истепаниот и така со Законот за работни вие ги уредувате односите . Прво работникот работи без да биде пријавен и вие не удирате по тој кој што е виновен, туку и по жртвата на таквата политика.

Со овој закон ние се понадевавме дека можеби Владата ќе ретерира во некои од овие измени на Законот, за жал се покажа дека оптимизмот на синдикатите па и на опозицијата и на јавноста бил нереален и всушност влеговте во измени на Законот наводно само да се усогласи со системот на бруто плати. Бидејќи ова се прави со цел да се усогласат платите на работниците на вработените со системот на бруто плати, мислам дека минимум внимание требаше да посветите на критиките и сугестиите кои што доаѓаат од страна на обата социјални партнери, и работдавачите и синдикатите. Владата се наоѓаше во идеална ситуација, и едните и другите сметаат дека системот на бруто плати генерално е добар и Македонија тој треба да го прифати. Истото можевме да го слушнеме и од експертите, истото можете на секоја седница на комисиите и на пленарна седница да го слушнете и од опозицијата.

Се согласуваме со целта, ама господа пратеници не е битна само целта, треба да знаете како да стигнете до таа цел, а тоа на оваа македонска Влада очигледно многу често и е главниот проблем. И што се случува? Се случува и

синдикатите и работодавачите да велат трчате пребрзо и системот на бруто плати може да ни колабира заради тоа што не се подготвени институциите, не се подготвени работодавачите, не се подготвени дури ни оние кои би требало да искористат, а тоа се вработените. Само на Владата и дозволивме за сите прашања да се однесува премногу комотно и тоа е одговорност прво на Владата, меѓутоа, и на вас претседателе на Собранието, но и на парламентарното мнозинство, кое ниту еднаш не покажа дека држи до сопственото мислење или дека има мислење. Јас се сеќавам, бидејќи претпоставувам дека денес ќе слушнеме од преставникот на Владата дека не треба да се грижиме и дека бруто платата ништо нема да загрози, и покрај тоа, еве што кажува синдикатот. Вели вака претставникот на синдикатот: од симулациите што ги направивме се покажа дека за некои плати ќе се бара од работодавачот да плати дополнителни средства. Значи вкупната сума на работодавачот нема да се намали туку ќе се зголеми. Поради тоа, велат од синдикатот, работодавачот ќе посегне за да ги најде тие пари од најлесното место, од платите на работниците. Истата теза за која зборувавме и на седница на Собранието кога зборувавме за системот бруто плати, кај најчестите плати во Македонија, значи оние кои примаат просек или под просек, вкупната сума која ќе треба да ја плати работодавачот ќе биде поголема отколку порано. Што ќе се случи? Работодавачот ќе го направи тоа што Владата му го сугерираше, ќе ги намали, односно ќе ги укине храната и превозот бидејќи тие веќе нема да бидат обврзни. Како вели дури и законот кој сега го менувате, вели трошоците за исхрана може да изнесуваат најмногу до 20%, значи може да бидат и нула, и верувајте дека ќе се случи тоа што сега Владата тврди дека е невозможно, а тоа е кај еден дел од вработените после 01 јануари да ги чека задоцнета новогодишна честитка од Владата, која ќе има форма на намалени плати ко ќе ги носат дома.

Денес Владата, можеби и на Собрание ако реши министерот, а можеби нема да одлучи да зборува, претпоставувам дека ќе ја спроведува на дело својата нова кампања “ширење на оптимизмот” и ќе ни каже дека тоа сигурно нема да се случи. Ама ајде ве провоцирам малку вас од парламентарното мнозинство, потсетете се на последните пет или шест гаранции кои ги дадоа владините министри пред истата оваа говорница. Еве ветување или најава број 1: министерот за финансии овде сечеше вени да не убеди дека фискалните патриотски сметки се уставни и тврдеше дека тие ќе го минат тестот на Уставниот суд односно едноставно фирмите ќе мора да ги купат и тврдеше дека тоа ќе биде во согласност со Устав. Знаете сега каде е министерот? Се разбира не е во Собрание. Кога ќе дојде на прес конференција вели не сум ја прочитал одлуката на Уставниот суд, а новинарите кога ептен го притиснаа знаете што кажа? Ова како опомена за сите вас од гласачката машина. Тој вели: тоа не го донесе Влалдата, го изгласа Собранието. Замислете, го изгласа Собранието, Собранието носи одговорност за тоа што Владата постојано ни дава неуставни закони. Кога треба да се сликаат за успеси, само министрите се таму, кога нивните закони за кои овде тврдат дека се уставни им паѓаат како крушки на Уставен суд, тогаш виновни биле пратениците. Тоа е првото лажно ветување.

Вториот хикс, нели немаше да има криза во Македонија? Ставрески и Славески тврдеа дека тоа е само хистерија од опозицијата, дека создаваме страв, параноја и песимизам. Денес Македонија почнува да ги чувствува првите ветришта на оваа тешка криза и допрва не очекуваат вистинските ефекти од кризата . Тврдеа Славески и Ставрески дека нема да се покачи цената на струјата, па се покачи. Тврдеа дека нема да имаме економски проблеми заради нивните економски политики, Македонија падна на ранг листата на конкурентност и Македонија за прв пат во последниве десет години од страна на оценувачите на кредитниот рејтинг не оди нагоре, не стои во место, туку паѓа. Извештајот оваа година е на ниво на оној кој што го имавме една година после конфликтот.

За овие работи некој во ова Собрание мора да понесе одговорност, или патриотските каси и патриотските сметки кога ги наплаќавте од бизнисите тогаш беше нивен проблем, а сега кога треба некој да ја плати штетата, тогаш министрите кои ни го предлагаа тоа ги креваат рамениците.

Почитувани колеги, ова само го кажав за да ве потсетам дека сите по ред важни предвидувања и прогнози на Владата на ВМРО ДПМНЕ еден по еден паѓаат во вода. Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка, кредитните агенции, сите почнуваат да ставаат прашалник пред името на Македонија. Претставникот на ММФ кој често сакаше да го цитира Ставрески и другите вели дека не им е јасно како Македонија ќе дава 300 милиони евра за кризата, а вели истиот Буџет ќе биде предложен во Собранието.

Се на се, тоа Собрание еднаш дозволи на Владата на ВМРО ДПМНЕ да ги земе и намали сериозно работничките права без елементарна консултација. Денес пратениците се повторно во функција дали ќе дадат зелено светло за таквите намалени работнички права или еднаш ќе покажат дека овде се личности со кредибилитет и со малку барем лично мислење.

Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодрам.

Реплика на говорот на госпоѓа Шеќеринска Радмила има господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Сакам на госпоѓата Шеќеринска да и реплицирам во делот на загриженоста што таа оправдано ја покажува околу реализацијата на овој концепт. Имено, има два аспекта. Едниот е аспектот на неговата законска усогласеност со другите прописи, прописите меѓу Министерството за финансии и

Министерството за труд и социјална политика, каде што имаше, каде што детектиравме неусогласености и потреба од усогласување, министерот за финансии не убедуваше дека се е усогласено, не сум го слушнал ставот на министерот за труд и социјална политика и би замолил во оваа прилика неговиот став да го слушнам.

**Трајко Вељаноски:** Спрема Радмила Шеќеринска се обраќате.

**Јован Манасијевски:** Точно, но тесно е поврзано со излагањето на госпоѓата Шеќеринска бидејќи имаме различни информации од различните владини ресори.

И второ прашање кое е од суштинско значење е дали воопшто државните органи се спремни да ја имплементираат оваа реформа, затоа што таа очигледно се носи во многу куси рокови.

Оттаму сакам оваа прилика да ја искористам сите пратеници да ги информирам дека во вторник, овој вторник, во 10 часот ќе се одржи специјална сесија на Комисијата за финансирање и буџет, каде што користејќи ги своите деловнички овластувања ги повикав министерот за финансии, директорот на Управата за јавни приходи, директорот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кој за жал го нема, сеуште, директорот на Фондот за здравство и директорката на Агенцијата за вработување, се со цел да реферираме пред парламентот дали се подготвени нивните институции да ја спроведат оваа реформа, затоа што може реформата да е сјајна, меѓутоа, ако една од овие институции колабира во нејзината примена, тогаш ќе имаме многу тешки ефекти. Бидејќи пратениците во крајна линија, како што истакна госпоѓа Шеќеринска, ја носат одговорноста и гледаме дека има едно некоректно однесување од страна на Владата дека ја префрлаат одговорноста на пратениците, ги повикувам пратениците во што поголем број да дојдат на таа седница, да ги слушнат излагањата. Ако е се во ред, а дај боже да е се во ред, уште еднаш да дадеме зелено светло. Меѓутоа, ако има проблеми да размислиме бидејќи наша е одговорноста за евентуално одложување на оваа реформа, додека институциите кои треба да ја спроведат не кажат дека се е подготвено за нејзина реализација. Благодарам.

**Трајко Вељаноски.** Благодарам.

Инаку, ве поддржувам во таа ваша одлука да одржите таква седница, тоа е систем кој јас го протежирав сите претседатели на комисија да го применуваат.

За контра реплика се јави госпоѓа Шеќеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шеќеринска:** Почитуван колега Манасијевски, со задоволство ќе присуствувам на дебатата, затоа што сметам дека главните информации дека работите доцна ги почна Владата и за џабе го притиска Собранието брзо да ги донесе законите, бидејќи институциите не ни се с премни, всушност дојдоа токму од луѓето кои работат таму, оние кои што работат во бизнисот, оние кои работат во институциите и оние кои ќе ја платат цената, а тоа се вработените, сите се согласуваат дека ова се прави што би се рекло "преку трупа" и единсвената утеха која им ја даде не ресорнио, меѓутоа важниот за оваа работа министер за финансии Трајко Славески, беше ваква: мора да се спроведат овие тешки реформи, тие се како вадење на расипан заб.

Почитуван колега Манасијевски, почитуван претседателе, за жал, нашите министри за тешките реформи се однесуваат како да се вади расипан заб, ама туѓ расипан заб. Нив овој закон да ги заболи и затоа со таква леснотија ја тераат Македонија во хаос.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика за министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** Благодарам претседателе.

Госпоѓа Шеќеринска, вие говоревте, говоревте, се изнакажавте, а ништо буквално не кажавте за тоа што содржат измените на спомнатиот закон и постојано кажувате дека немаме дијалог со социјалните партнери.

Да ве известам дека од моето именување за министер на Министерството за труд и социјална политика буквално за секој закон, не само за Законот за работни односи, единствени се овие измени откако сум јас назначен, имавме дијалог и тоа со сите синдикални организации кои се регистрирани на национално ниво, како и организациите на работодавачи. Притоа сите знаеме дека социјалните партнери имаат советодавна улога, консултативна. Не можеме се што ќе побараат тие да инкорпорираме во законите.

Кажувате една теза дека Сојузот на синдикатите или некоја организација на синдикатите дала негативно мислење за Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, ама верувајте навистина не знам од каде ви е таа теза дека тие дале негативно мислење.

Да ве известам само дека при донесување на истиот закон имавме разговори и преговори со сите синдикални организации, како и организации на работодавачи, голем дел од нивните забелешки беа инкорпорирани во споменатиот закон. Инаку, спомнавте нешто дека се скратуваат некој права, цитиравте еден став од еден член, меѓутоа, не го цитиравте ставот пред него. Имено, од членот 4 го цитиравте ставот 5 кој се однесува на трошоците за исхрана, каде што ние кажуваме дека може да изнесуваат до 20% од просечната плата. Меѓутоа, пред ставот 5 има еден друг став, став 4 кој вели дека работодавачот на свој трошок на работниците може да им организира превоз до и од работно место, како и исхрана за време на работа. Значи ние оставаме можност самите работодавачи да одлучат како ќе го организираат превозот и исхраната.

Инаку, ќе кажам уште еднаш, се изнаслушавме, меѓутоа, ништо битно за измените кои престојат на Законот за работни односи.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика госпоѓа Шеќеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шеќеринска:** Благодарам.

Прво господине министер решите за кој закон ќе зборувате. Два пати кажувате наслов на различни закони. Јас говорев за Законот за работни односи, ако не знаете какво е мислењето на синдикатот за Законот за работни односи, тогаш изгледа водите дијалог, ама дијалог во кој вие сте глув, или одлучувате да бидете глув.Еве ќе ви подарам еден примерок на новинските извештаи околу тоа, па можеби ќе знате малку повеќе.

Инаку, ве молам да отидете кај некој од вашите партнери, Германија,Франција и кажете им дека во Македонија се прави воведување на систем на бруто плата, а законот се носи еден месец пред да почне примената. Ќе се крстат, ќе се чудат и ќе речат ова е навистина земја на чуда.

Затоа, господине министер, жалам што морам да констатирам дека друштвото со премиерот е “заразно”, и вие покрај тоа што бевте едно време “жртва” на лошото сваќање на политички дијалог на премиерот Груевски, очигледно така го сваќате дијалогот. Тие ќе си говорат, а вие со секоја измена ќе ги намалувате работничките права. Благодарам.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Да бидам искрена, кога видов дека на дневен ред доаѓа Законот за работни односи, јас помислив дека навистина Владата извлекла поука од тоа што го кажуваа и синдикатите, од тоа што говореше и комората, односно од друга страна работодавачите и веднаш се дала на работа да поправи еден од најлошите закони за работни односи кој претходно беше донесен во Собранието.

Еве, ме опоменуваат колегите дека не слушаат некои пратеници. Јас колега не можам ништо да направам ако веќе одредени колеги г и фатила претпразничната еуфорија и повеќе размислуваат за подароците кои треба да ги купат за Нова година отколку за законите кои што ги носиме, а богами и меѓу себе се консултираат за тоа.

Ќе продолжам понатаму. Очекував дека Владата веднаш ги послушала институциите кои што ги споменав и пристапила кон измени на Законот за работни односи, се со една единствена цел, да подобри одредени места и да ни достави закон кој што навистина ќе ги штити како работодавачите така и вработените.

Но, за жал кај нас стигна нешто уште полошо. Значи, Владата ниту се потруди терминолошки да го усогласи законот со останатите закони, како што е Законот за безбедност и здравје при работата и со другите закони што ги уредуваат бонусите на работниците и другите надоместоци, ниту пак уште помалку се потруди Законот за работни односи донесен во ова Собрание не така одамна барем најлошиот закон да го усогласи со меѓународните конвенции и договори кои ги ратификувала нашата држава. Бидејќи, знаеме дека тие се од особено значење и кога се носат одлуки, судовите покрај врз основа на другото, судат и според ратификуваните договори. Меѓутоа, зошто реков дека имаме еден од најлошите закони, затоа што и кога беше на дневен ред, почитуван министер, почитувани колеги пратеници кажавме дека овој закон наместо да ги подобрува правата на работниците, тој во голема мера ги ограничува. Пред се, јас ќе почекам да не му пречам на колегата и да не го деконцентрирам во разговорот, можам да почекам. Добро, благодарам претседателе.

Сите знаеме дека донесовме еден закон во кој што не се регулира работата во трета смена, каде што работодавачот може сам да оцени колку ќе работат работниците во трета смена, дури можеби и целиот работен век да го поминат исклучиво работејќи во трета смена, се намалија деновите на годишниот одмор, остана до крај неизречено правото како ќе се дефинира односот, отказните решенија се посебна приказна, така што работодавачот може кога сака по свое убедување да даде отказно решение, да го избрка човекот од работа, да остане и тој и неговото семејство без егзистенција и веднаш уште другиот ден на неговото место да прими партиски војник само затоа што така му наложила партијата. Е, тоа, почитувани колеги пратеници, треба навистина и вас да ве загрижи, затоа што ако се дава законска можност за една ваква манипулација и со оние малку луѓе кои работат, затоа што најголем дел од граѓаните се невработени, тогаш мислам дека Македонија е на многу лош пат. Не смееме ова да го дозволиме и затоа очекував ако не Владата дека можеби пратениците од парламентарното мнозинство, затоа што ние и да поднесеме некои измени знаеме како ќе завршат, поготово со новиот Деловник, каде што еве и колегите како што го гласале него, знаат да се пријавуваат за збор и кога немаат право за тоа, нема да види бел ден да се заврши само во некоја собраниска фиока, не стигнувајќи да ја види собраниската процедура. Е, токму затоа вие колеги од парламентарното мнозинство требаше да слушнете што зборуваат од синдикатите и да седнете да поработите малку на ова и да донесеме еден закон кој што навистина ќе ги подобри сите овие работи кои што досега ги спомнав и уште многу други. Но, со оглед на ограничување на времето нема можност сите да ги спомнам.

Почитуван министер, кога сме веќе кај членот 4 кој што вие сега го спомнавте при репликата на колешката Радмикла Шекеринска, навистина така вели, да, работодавачот на свој трошок на

работниците може да им организира превоз до и од работното место како и исхрана за време на работа. Ние тоа го дебатиравме. Одредбата може, јас иако не сум правник знам дека дава поинакви можности. Значи, може, но не мора. И, тоа беше она за кое што овде се спомна. Околу бруто платата беше доста кажано и навистина јас ја изразувам мојата загриженост како еден месец пред да почне да се применува бруто платата веќе ние го носиме законот и како тоа понатаму ќе се рефлектира, но не е проблем, вие веќе се навикнавте да носите неуставни закони. Потоа, Уставниот суд ќе ви ги укине одредбите, од тоа најголем зијан ќе имаат како граѓаните, така ќе се трошат и државните пари непотребно, но во секој случај дали се трошеле за покривање на грешките од Владата или за рекламирање на Владата, нема некоја голема разлика, во секој случај безмислосно се трошат парите на граѓаните. Токму поради ова што го кажав, може многу лесно да ви се случи и ова да го укинете односно и овој закон или одредени одредби да бидат укинати од Уставниот суд, затоа што не се размислува во насока за подобрување на квалитетот на Законот, само избрзани решенија час поскоро да се донесат и да имаме една значителна бројка. Добро е што колегата Манасијевски ќе организира ваква дебата, меѓутоа таа дебата требаше да го почекаме исходот од дебатата и потоа барем да имаме можност да интервенираме во овој закон, како и сите останати што ги носите околу бруто и нето платата.

Уште едно би сакала да спомнам, не би сакала да бидам погрешно разбрана, точно јас се залагам секој оној работодавач кој што не го почитува законот, кој што не и ги дава правата пропишани со закон на работниците, да биде санкциониран. На тоа давам целосна поддршка и јас и мојата пратеничка група и пратениците од ЛДП. Меѓутоа, почитувани колеги за истите оние одредби кои што со претходниот закон имаше забрана за работа за вршење дејност до 30 дена, за истите тие одредби имаме сега 1 до 5 години. И тоа не е можеби толку страшно ако не знаеме како функционира оваа држава, а оваа држава функционира исклучива на партиска основа. Знаеме дека целата држава, впрочем на тоа ни укажува и меѓународната јавност, тоа ни укажува и во Извештајот од Европската унија, ни е партизирана. И, сега, што ќе се случи? Поради некој прекршок, бидејќи немаме поголема можност за контрола одредена фирма со 50, 30 или 70 вработени ќе и се даде забрана за вршење на дејност 1 до 5 години. Еве, да кажеме најдобрата варијанта да биде 3 години и колку вработени не по своја вина ќе останат без плата, колку семејства ќе останат без егзистенција. Мислам почитуван министер дека многу лесно ставате една ваква одредба пред притоа да не биде понатаму регулиран механизмот на контрола, туку да се даде можност само врз основа, врз партиска припадност или можеби лична нетрпеливост кон одреден работодавач да му биде затворена фирмата. Се сложувам, дека треба да имаме механизми во целост да се штитат правата на работниците, но во секој случј мора да водиме сметка, затоа што сепак најголемо, кое според Уставот го имаме е правото на работа. Мислам дека тука требаше малку поголемо внимание да се обрне.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Стефановска Анета, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе.

Заради интересот и вистината да ја слушне јавноста, бидејќи госпоѓата Роза Топузова Каревска воопшто не говореше по темата што е точка на дневниот ред. Собранието на Република Македонија во месец ноември 2008 година го усвои Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување кој што треба да стапи на сила од 1 јануари 2009 година. Потребата од одредени измени на овој закон кој што денес е на дневен ред за работни односи усогласуван е со тој закон, како и во врска со новите предмети во исплата на бруто платата. Значи, од 1.01.2009 година се воведува системот на бруто плата во износ од нето плата на средствата од сите други давачки поврзани од работниот однос, а тука спаѓа и надоместокот за храна и превоз кои што ќе се пресметуваат заедно. Исто така, Собранието на Република Македонија донесе Закон за прекршоци и заради сето тоа овој закон мора да биде усогласен и со Законот за прекршоци. Не знам каква врска има цел ден што однопаку ги вртат фактите и аргументите и сето она што го презема како позитивно Владата на Република Македонија овие предлог закони кои што денес ние ги предлагаме, а кои што се добри решенија и за граѓаните на Република Македонија и за сите нас. Сакајќи да прават пропаганда ги извртуваат фактите и аргументите. Значи, јас сега се јавувам за реплика на крајот на оваа седница, заради тоа што треба да слушнат граѓаните што сакаат да прават луѓето од опозицијата, нивните претставници од граѓаните избрани тука. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Топузова Каревска Роза.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувана колешке, мислам дека Владата доволно троши пари за реклама и нема потреба уште три минути вие да ја рекламирате, но ако така сте решиле може да бидете во таа служба на Владата. Не, колешке, не ние, вие не ги читате законите, а јас аргументирано говорев и по членот 6 и по членот 4, а вие сега набрзина за да кажете нешто, а пред се да добиете во време да ја рекламирате Владата, се надевам дека за ова ќе бидете унапредени можеби во некое идно време, меѓутоа кажавте нешто што само го прочитавте во два реда на крајот на образложението. Не е така почитувана колешке. Јас и сите мои колеги го толкувавме аргументирано, а граѓаните веќе не се толку, колку што вие мислите дека не ги разбираат работите и веќе самите ќе оценат кој ја

зборува вистината, кој говори со аргументи, а кој прави три минути пропаганда на Владата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** На почетокот почитуваната пратеничка спомна нешто околу некои одредби кои би следувале. Само да најавам дека навистина следуваат и тоа доста измени во Законот за работни односи, затоа што тој постојано се модифицира, постојано се надоградува. Еве, следните измени во законот кои што можам да ги најавам, а се надевам дека веќе во првата половина односно првиот месец од наредната година ќе следуваат, а тоа се инкорпорирање на некои директиви од Европската унија од споменатиов закон. Исто така, конечно веќе ќе имаме законски критериуми, ќе утврдуваме нови критериуми околу репрензинтетивноста на синдикатите во тие разговори, социјални дијалози итн, меѓутоа едно не можам да сватам. Цело време ни зборувате дека со измените кои што ги предлагаме се скратуваат правата на работниците, а од друга страна пак велите дека казните се превисоки и барате ублажување на мерките на оние работодавачи кои што ги злоупотребуваат работниците. Верувам дека знаете дека има голем број од такви работодавачи кои навистина ги злоупотребуваат работниците. Навистина вработуваат без да склучат договори за вработување. Токму во таа насока се измените за да се штитат правата на работниците. Затоа, ги предлагаме овие пориригорозни мерки кон тие работодавачи кои ги злоупотребуваат работниците.

На крај спомнавте за одредбата на членот 4 од ставот 4 каде што кажуваме дека работодавачот на свој трошок на работниците може, госпоѓо, не можеме ние како држава на некој работодавач да му наложиме, да го примораме, меѓутоа работодавачот мора да им организира. Од тие причини ја ставивме одредбата дека може. Значи, ставаме самиот работодавач да одлучува како ќе им го организира превозот и исхраната. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Топузова Каревска Роза.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван министер што со првиот дел од вашата реплика го потврдивте она што јас го говорев дека имаме лош закон кој што е донесен пред неколку месеци за работни односи, кој што не е усогласен со европските директиви. Тоа вие самите го кажавте, не е терминолошки усогласен и дека подготвувате нови измени. Многу сум ви благодарна за тоа и тука навистина имаме исто мислење.

Што се однесува до вториот дел, мислам дека ги извртувате фактите од мојот говор, имате една иста реплика која што ја слушав и на Комисијата дека ги браниме работодавачите врз основа на правата на работниците. Не е така почитуван минситер, говорев за партизирана држава и за тоа дека сепак сето ова ќе се скрши врз грбот на работниците и напротив ние сакаме да ги заштитиме работниците, пред се, а секако и работодавачите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи не се поднесени амандмани на седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, од нив 55 гласаа за, нема воздржани, 2 против.

Молам, службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата имаше 65 пратеници и гласањето е полноважно.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи.

Тука ја прекинувам седницата.

Во понеделник во 11,00 часот имаме нова седница 39-та, а во 12,00 часот продолжуваме со оваа 33-та седница.

Ви благодарам.

Дозволете ми од мое и ваше име на припадниците од турската заедница во Република Македонија да им го честитам престојниот празник 21 декември - Ден на наставата на турски јазик.

Ви благодарам.

(Аплауз)

(Седницата прекина со работа во 16,57 часот)